**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,37 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратеницит кои се во Собранието, а сеуште не влегле во салата, да влезат во салата, затоа што ќе почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Осумдесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Всна Јаневска, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Али Ахмети, Фазли Велиу, Азис Положани, Агрон Буџаку, Оливер Дерковски, Љубчо Георгиевски, Есад Рахиќ, Бесим Догани, Фијат Цаноски, Лазар Китаноски, Никола Рилковски и Веле Митаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Бидејќи господинот Игор Ивановски не е присутен, збор има господин Аднан Јашари, повелете господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Ќе се обидам накусо да бидам јасен во врска со Предлогот на одлуката за пренамена на средствата меѓу Буџетските корисници така како што е предвидено во овој Предлог.

Како што е познато на сите нас, пренамената на буџетските средства што се предвидува во годишниот план за приходи и расходи за деловната фискална година, освен преку промена или она што ние го нарекуваме буџетски ребаланс, нормално е дека може да се направи и со одлуки од ваков карактер, како што е и оваа, за која што дебатираме два дена.

Во оваа насока, ценам дека овој начин на пренамена на буџетските средства, како и во сите држави така и кај нас, е нормативно регулиран со посебниот закон, а тоа е Законот за буџети. Дотука, ништо не е спорно. Како да немаше или она што беше нагласено од некои мои колеги, членот 33 ставот 5 алинеја 5 каде на прецизен начин е прецизинара висината и можноста за пренамена на буџетските средства.

Доколку внимателно се анализира образложението на Предлогот на одлуката, на самиот почеток предлагачот се повикува, го има Законот за буџет, односно членот 33, алинеја 3, каде што нормално, како што реков и претходно, овозможува пренамена на средства меѓу разните буџетски корисници. Но, доколку продолжиме натаму со читање на Законот за буџети или овој член, или она што го реков претходно, точката 5, ќе дојдеме до констатација дека оваа точка предвидува можност за пренамена само меѓу буџетските корисници на ниво на програми, а како второ, предвидува висина на средства што може да се пренамени од еден на друг буџетски корисник.

Во членот 1 од Законот за буџети, меѓу другото се нагласува, се прецизира подпрограма како категорија и тука намерав да нагласам дека имајќи го предвид членот 1 од Предлогот на одлуката јасно се гледа дека не се почитува точката 5, затоа што во некои работи се прави пренамена на средства и надвор од ова ниво.

Нормално, како второ, се прави пренамена на одлуката и над оваа висина што е предвидена во точката 5.

Доколку внимателно се анализира алинејата 6 од Законот за буџети ќе дојдеме до една поинаква констатација дека пренамената на буџетските средства на ниво што е предвидено со овој член, може да се направи, но на ниту еден начин не може да биде преку намалување на средствата наменети за капитални инвестиции. Од друга страна, овие средства да се наменат во зголемување на буџетот за плати и разни други одредени компензации.

Доколку внимателно се забележи предложениот предлог, особено во разделот 003 или во тоа што се нарекува раздел 1510, ќе дојдеме до констатација дека има случаи или пак има исклучоци од овој сатав, затоа што се прави зголемување на наменети средства за плати и разни компензации, за што, повторно ќе речам, не е дозволено, спорд ставот 6.

Тоа што особено треба да го нагласам сега, според мене, е дека овој раздел или Предлогот на одлуката на некој начин е во спротивност со диспозитите за буџетот за 2007 година. Доколку се погледаат диспозициите од овој закон, ќе дојдеме до констатација дека во овој закон, меѓу другото се предвидуваат и процедури за реализација на буџетски средства, имајќи ги предвид и одредените рокови. Вчера беше нагласено и од еден колега, ако не било речено јас ќе потенцирам дека имајќи предвид дека до крајот на оваа фискална година има уште 15 дена тешко е да се направи реализација на средствата, нормално, доколку се усвои оваа Предлог-одлука поради роковите што се предвидени за реализација на буџетски средства, односно процедурата предвидена за реализација на овие средства.

Заради тоа што го реков претходно, мислам дека оваа Предлог на одлука што е понудена е во спротивност со овие одредби на овие закони што ги нагласив, иако искрено сакам да кажам дека немам ништо против целата на предлагачот средствата што останале неискористени да можат да се пренаменат. Но, ова е политика на

Владата иако Владата имаше можност овие прашања да ги реши на еден многу поелегантен начин, или во еден претходен период.

Како и да е, јас нагласив, го кажав моето мислење во однос на оваа Предлог-одлука и искрено велам дека ќе беше многу подобро овие средства, што се предлага во Законот за Буџети да бидат составен дел на Буџетот за 2008 година, се разбира преку разделите што ќе бидат наменети во однос на идната фискална година. Ви благодарам многу.

**Љубиша Георгиевски:** Следен заз збор се јави господин Владо Бучковски, повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Претседателе Георгиевски, почитуван министре Славески, колеги пратеници,

Најпрво да го изразам јавно моето негодување за доцнењето на министерот за финансии. Мислам дека е неприкладно да го чекаме 40 минути за да почне седницата во 12,40 часот. Верувам дека имал обврски министерот за финансии, знам дека во зградата е заменик министерот, но мора да има некој ред, кога веќе ги закажуваме седниците не во редовниот термин туку во 12,00 часот, треба да се навикнеме, претседателе, а ги почнуваме седниците на време. Ние, меѓу себе можеме да си забележиме за нашето доцнење, тоа е проблем што пред се вие го имате, посебно сега кога ги нема тука вашите заменици, но сметам дека е недопуштено толку многу да се доцни. Сега да се вратам на темата.

Најпрво, сметам дека со оваа одлука што е волонтаристичка и не доликува, според мене, на еден од најкоректните министри во Владата, на овој начин да ги амнестира недисциплинираните министри во Владата кои ја покажаа својата некадарност и неуспеаја во изминатите 11 месеци да потрошат дел од проектираните средства.

Се прави опасен преседант, што јас можам да го кажам моето слободно мислење, со што се крши законот. Повикувањето на членот 33, точката 3 од Законот за буџетите, за што говореше и ценетиот колега Аднан Јашари е само основ за злоупотреба.

Ќе се надворзам на дискусијата што вчера ја имаше и понранешниот минстер за финансии, сметам министре дека на овој начин вие ги поттикнувате пратениците, евентуално, да сторат кривично дело, за кое што утре некој, секако ќе одговара. Затоа што не постои законски основ за 11 дена, колку што остануваат до 26 декември, кога рековте дека ќе го затворите Буџетот за 2007 година, да се потрошат овие средства. Уште повеќе што и во образложението, тој што го пишувал, затоа што не сте го пишувале вие, безобзирно се лаже дека ќе се реализира за зпочнати проекти.

Северна трибина за која е на второ мето по трошење на средствата, не е проект што е започнат. Го доби Бетон од Скопје, тендерот сега. Жалбената постапка трае. Според роковите, ќе прејде во идната буџетска година. Јавно беше објавено дека во февруари ќе започне расчистувањето на теренот, уште не се решени имотно правните односи. Значи вие, овде, со овој Предлог веќе правите злоупотреба и нудите предлог ненаменски да се потрошат минимум 6 милиони евра.

За овие 10 милиони евра, што треба да ги потроши Министерството за внатрешни работи објективно Парламентот заслужуа многу повеќе образложенија кои се тие започнати објекти.

И, она што за мене е најбитно, повикувањето на почетокот на заменик претседателот на Владата. . .

Претседателе, ми пречи тоа што ми говорите зад грб . Овие веќе, пред мене, се навикнав да не ме слушаат, но барем минимум толеранција.

**Љубиша Георгиевски:** И ние имаме многу работа, повелете.

**Владо Бучковски:** Овие недисциплинирани пратеници кои не слушаат, меѓутоа има еден дисциплиниран. . .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да не дофрламе.

**Владо Бучковски:** . . .како што е Цветко Грозданов, кој секогаш внимателно слуша што говорам, ја поздравувам неговата заинтересираност, да слушне дека не треба да гласа за оваа одлука, затоа што е спротивна на законот и затоа што утре ќе одговара некој од пратениците за начинот на кој се крши Законот.

Да се вратам на темата. Опасен е преседанот министре Славески, вие, кој, треба да бидете чувар на државната каса, на овој начин во првата буџетска година што ја троши 12 месеци, претходната буџетска година трошевте само во еден квартал буџетски средства, да се амнестира недисциплината, некадарноста на дел од министрите. Темата:"Ловот на вештици", хајката што ја водите против поранешната власт ги натера дел од министрите да не одговараат на својата функција.

Значи, се сторува казниво дело со сторување, но и со несторување. На овој начин, оние кои не знаат да ги користат финансиските средства, вие се обидувате да ги амнестирате и да им дадете законска можност, прво да си го исперат срамот, а второ да направите еден таков трансфер на средства во еден ден, што до сега во нашето искуство на парламентарната демократија, каде што Парламентот го ставате во улога да биде покритие и за овој ваш незаконски предлог нудите предлог да се пренаменат 50 милиони евра, на 10 дена пред истекот на буџетската година. Се со цел и понатаму да дадете можност на премиерот непримерно да се покаже дека е "Дедо Мраз" кој е предвреме стигнат од Лапонија. Кој носи дарови за сите. Дали се тоа автобусџиите од Јавното претпријтие од Скопје, дали се тоа загрижените за развојот на зоолошката градина во Скопје, дали се тоа вашите градоначалници од Битола или Прилеп, или дали се тоа можноста да се исперат пари,

тоа одговорно го тврдам, на овој начин на кој вие го нудите преку Министерство за внатрешни работи .

Некому да дадете 10 милиони да потроши за 10 дена, без да кажете за кој започнат проект тоа се прави, е ништо друго освен перење пари. Вие должите одговор, пред да ги натерата и да ги доведете во заблуда, а бидејќи сте вие универзитетски професор, знаете дека и на овој начин на кој го давате предлогот, всушност се номинирате како потенцијален сторител на кривично дело поттикнување на сторување на кривично дело, кои ги терате да го направат пратениците.

Оваа кампања што ја наметнувате за финансиска дисциплина и каде што постојано се фалите со зголемени приходи, не е причината за оваа пренамена. Давате неколку небулозни изјави, каде што наместо да покажете со прст и да кажете некадарен е министерот за одбрана, а недопуштено е во оваа година тој да биде некадарен, да не потроши дел од средствата што се многу битни, затоа што таму имаме една рамка што треба да ја почитуваме, посебно сега и да го задржиме нивото од 2,3% од буџетските средства како поддршка на Армијата по основ на модернизација. Или, штом веќе него го спомнав, да имаме такви амадмани, ние ќе бевме првите кои ќе поддржевме сите овие 45-50 милиони евра да отидеа за Минситерството за одбрана. И да знаевме дека со овие 50 милиони, овој критичен момент ќе ја модернизираме Армијата и ќе склучиме голем преддоговор, со кој што ќе биде реализиран проектот за модернизација на пешадиската бригада на Армијата на Република Македонија. Но, таков предлог немаме. Туку, имаме такви небулозни предлози, што од авион се гледа дека овие 10 милиони што ги префрлате на јавната безбедност ќе бидат избор на корупција.

Како втор, од авион се гледа дека префрлањето на 10 дена пред истекот на буџетската година на невладини организации е корупција.

Понатаму, од авион се гледа дека петте милиони евра што сакате да се префрлат за северната трибина е корупција, затоа што северната трибина, проектот, јавниот тендеро не е завршен. Вие не можете да речете дека е започнат проектот.

Или, да продолжам понатаму. Од оние кои се битни за моделот што го гради Македонија, како мултиконфесионално општество, недопуштено е да давате пари на Министерството за култура и да насочите Министерството за култура да гради две цркви во Битола. А, зошто да не изгради џамија во Прилеп за што се залага и ДУИ и ДПА и зошто да не се изгради, да се поддржи иницијативата за изградба на црква во центарот на Тетово, што е поддржано од Македонската православна црква. Така ќе разберам дека во оваа година кога промовираме и верска толеранција и го зацврстуваме угледот на Република Македонија, наменски ги даваме парите.

(Дофрлање од место)

Значи, господине претседателе, јас можам и поединечно да одговарам на провокациите на госпоѓата Куновска, но сметам дека не е мое ниво на тој начин со неа да разговарам.

(дофрлање од место)

Многу добро знам госпоѓо Куноска што јас говорам. Немојте вие да ми говорите мене за мултиконфесионална држава и за мултиетничко општество. Не одев јас во 1999 година во Амбасадата на СРЈ да го жалам Слободан Милошевиќ.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето)

**Љубиша Георгиевски:** Господине Бучковски продолжете со вашиот говор.

**Владо Бучковски:** Јас можам да продолжам, но бидејќи е дама, јас не сум груб. Со Цветко разговараме поинаку, со Трајко поинаку, со дамите, имам респект. Но, сметам дека. . .

**Љубиша Георгиевски:** Не излегувајте од концентрација. Продолжете со говорот.

**Владо Бучковски:** Очигледно некому пречи кога ќе спомнеме тоа што е рак рана на оваа конзевативна Влада. Не прави ништо за мултиконфесионалното општество што заеднички го градиме.

И еве, барам објаснување, ако не може да го даде тоа министерот за финансии, нека дојде министерот за култура, зошто со овие пари не ја градиме џамијата во Прилеп и црквата во Тетово.

Има ли подобар модел што сакаме да го испратиме сега, во пресрет за верување на нашата кандидатура за полноправно членство во НАТО, отколку да префрлиме еде милион евра, да градиме две цркви во Битола. Тоа беше моето реторико прашање.

Почитуван министре, Славески, сметам дека тоа што го имаме како предлог од пред неколку дена е недопуштено, второ е спротивно на вашата заложба за транспарентно трошење на парите. Транспарентноста и јавноста се обезбедува преку децидно и целосно спроведување на Законот за јавни набавки. Вие знаете дека 50 милиони евра, нема таков виртуоз што може да ги потроши, согласно Законот.

Се обидувате да направите паралела дека на 9 јуни 2006 година, поранешната Влада дава предлог до Собранието, а заборавате дека таа одлука е за 1500 пати помала отколку овие 50 милиони, дека е дел од европското партнерство и формирањето на еден нов орган, а тоа е Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите, која до тогаш не била буџетски корисник и станув збор за реалоцирање на средства на други буџетски корисници кои згаснуваат.

Во овој момент, ако се користи аналогијата што се обиде да ја искористи заменик претседателот

на Парламентот, Бесим Догани, тогаш би требало ние да сметаме дека згаснуваат некои од функциите на Министерството за одбрана, на Агенцијата за безбедност и разузнавање и тн., и што би било поразително. Јас не знам кои се мотивите, по секоја цена да бидете дел и вие од овој циркус кој го започна, пред се, премиерот, кој, пред да биде донесена одлуката во Парламентот, почна како Дедо Мраз да дели средства, да ветува социјални станови, купување на 50 автобуси, решавање на проблемот со Зоолошката градина, електрификации, што се не, во една серија од прес конференции што траеше три дена. Сега, на веќе создаден притисок во јавноста да бидат ставени на столб на срамот, пред се пратениците од владеачкото мнозинство, кои, ако не ги дадат овие пари, ќе испадне дека работат против генералната политика што ја има ВМРО-ДПМНЕ. Ова е погрешна политика и ова во ниту една современа, нормална парламентарна демократија, не е искушение пред кое треба да биде ставено парламентарното мнозинство, да барате покритие за криминалот кој го заговарате. На овој начин знаете дали ќе ја обезбедите власта во 2008, 2009 и 2010 година, тоа ќе биде готов случај за кој ќе треба да бидат повикани на одговорност оние кои го реализирале овој начин, спротивно на Законот за извршување на Буџетот, спротивно на Законот за Буџет, еден од проектите на оваа власт. Треба да бидат предупредени пратениците затоа што утре вие ќе си заминете, дел од овие пратеници ќе бидат и во пратеничкиот состав како опозиционери во 2009 и 2010 година. Благородна Дулиќ нема ни да биде, веројатно ќе биде во некој солидарен фонд на некое пензионерско здружение, затоа што сега гледам дека упорно се обидува...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Не ме заштитувате претседателе, а упорно двете дами од вториот ред кои немаат друга работа, дофрлаат.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Бучковски, вие имате поубави начини да се самозаштитите. Користете ги нив наместо овие. Ајде, ве молам.

**Владо Бучковски:** Ќе ја прифатам вашата сугестија.

Не бидете нервозни колеги. Ние можеме да премолчиме и да оставиме на овој начин да бидат префрлени 50 милиони евра. Ајде да се договориме. Јас ви тврдам, еве сега ќе одам ставка по ставка и ќе ви кажам за кои ставки, ако се договориме дека има договор, на 3 јануари ќе работиме. Ако успее да ги потроши овие 10 милиони, директорот за јавна безбедност, сакам на 3 јануари да имаме отчет како ги потрошил. Ако тоа го направи, јас јавно ќе се извинам и ќе се повлечам од функцијата пратеник. Да ги повлече овие средства и на законски предвиден начин да ги потроши, но ако не биде така, ќе го повикаме на одговорност министерот за внатрешни работи. Или, ако ова што вие знаете, ако не бидат потрошени средствата од 6 милиони евра за северната трибина што знаеме дека нема да започне да се гради бидејќи, знае и министерот, не е завршена постапката и нема шанси пред Второстепената владина комисија да заврши до крајот на годината. Кој ќе одговара за ненаменското префрлање на овие 6 милиони евра?

Значи, ставките за кои може да разговараме се минимални и би имале разбирање. Да речеме во пресрет на олимписката година, ајде да ги поддржиме македонските спортисти и да ги обезбедиме овие скромни неколку стотици илјади евра за 40 наши потенцијални олимпијци, да одат на предквалификациите. Никој нема да рече ни збор. Или ајде да видиме кои од проектите реално, реално во овој момент се актуелни. Ако велиме дека ќе поддржиме дел од проектите каде треба да биде поддржана локалната самоуправа, дали има критериуми зошто да биде поддржан, да речеме градот Скопје, со проект од 750 илјади евра за подобри услови на животните во Зоолошката градина, а да не бидат дадени 750 илјади евра, да не бидат Кумновци третирани дека имаат полоши услови од животните во Зоолошката градина и да не бидат потенцијално секој ден во опасност да се јави некоја заразна болест заради нерешените проблеми што ги има директно со Министерството за финансии, едно јавно претпријатие. Ајде така да разговараме. Ајде да видиме што е ургентно. Да видиме дали е најургентен водоводот во Инџиково. Ако речеме дека тој е најголем приоритет и е поголем од приоритетот водоводот во Св.Николе, да дадеме таков приоритет, затоа што тие се започнати проекти. Но на овој начин во задскриена форма да даваме 10 милиони евра на МВР без да знаеме за што, сметам дека е криминал. Ќе беше коректно да напишете, има проект за гранично обезбедување и можевте да ја затворите седницата, а пратениците да знаат дека е заради сензитивноста на прашањето со Косово, незавршената демаркација на границата, директорот на Јавна безбедност за потребите на гранична полиција сака да купи софистициран начин на обезбедување термички, ваков, такв, за кој треба да биде потрошено 10 милиони евра и пратениците ќе речеа да, ова е многу битно, ако е така дај да излеземе во пресрет. На овој начин задскривајќи се зад, условно речено, преопшта формулација каде може да се толкува дека со овие 10 милиони евра може да биде купен мебел, може да биде купена опрема, возила или машини. Ние всушност не знаеме за што станува збор. Мислам дека пратениците, пред се од владеачкото мнозинство мора да знаат за оваа најголема ставка како ќе се потрошат парите, уште повеќе што ви велам, сметам дека е спротивно на НАТО стандардите, не смеат да земат од буџетот на Министерството за одбрана, ќе падне под загарантираното ниво од 2,3%. Си давате автогол. Министерот за одбрана сега треба да дојде тука и тој да се спротивстави, да побара поддршка, пред се од НСДП, па потоа од

другите пратеници и да рече, пратеници ова вака не може. Но јас имав кратки рокови, имавме кадарни помошници, се плашеа да потпишуваат затоа што функцијата, вие знаете почитуван министре, не е само привелегија. Да си на функција треба да си преземеш и одговорност. Знаеме дека таму имаме сериозни проблеми во Секторот за јавни набавки, имаме сериозен проблем со трошењето на средствата. Или, кои се овие невладини организации кои сега ќе бидат почестени со новогодишни подароци во висина од 6 милиони евра? Кои се тие невладини организации, можеме ли да знаеме? Нешто што правите со префрлање трансгфер на пари на Агенцијата за врботување, исто така знаете дека е недопусливо. Сакате да спасите дел од средствата и мене ми е јасно, 50 милиони се многу средства. Вие сте одличен економист и знаете дека дел од вашите колеги се некадарни, неспособни и не можат да бидат поинакви. Ако за 11 месеци и две недели, не можат за 11 дена да потрошат толку пари и што правите најлесно, да префрлиме во јавни претпријатија на локална власт, да префрлиме на невладини организации кои не се буџетски корисници и на слични корисници на кои, според Законот, не им се наложени ригорозни и прецизни рокови во кои треба да спроведат постапка за јавна набавка. Значи, она што исто така го должите, бидејќи една манифестација заврши а ние основано се сомневаме дека на овој начин се перат пари за дел од рекламните агенции кои работат на промоција на ВМРО-ДПМНЕ и Владата на Република Македонија. Кои се овие заостанати долгови, кои се овие договорни услуги што ги направивте за Конференцијата за верските заедници за толеранција, благосостојба и разбирање. Кој ги планираше средствата, колку повеќе се потрошени и зошто сме доведени во оваа позиција како сега.

Понатаму, дали овие средства, бидејќи вие, како што сметам дека децидно имавте предвидено средства соглсно кредитите кои ги имаме земено и од Светска банка, за завршување на ликвидацијата на водостопанските претпријатија. На што се должи сега овој минус повеќе од 1,2 милиони евра кои ги нема, а со кои треба да се реши статусот на поранешните вработени во водостопанските претпријатија. И да не зборувам натаму, бидејќи овие 33 точки, ставки каде што правите реалоцирање на средствата, можам да говорам уште 33 часа и да наоѓам за секој од нив по 33 мани и да испаднат илјада забелешки. Најдобро е министре да признаете дека дел од министрите се некадарни, да побарате, во веќе најавената реконстрјкција, дел од овие министри да си заминат, а вие да не се доведувате во позиција да бидете поттикнувач, парламентарното мнозинство да стори казниво дело за кое еден ден ќе се одговара. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе. Јас да му заблагодарам на господинот Бучковски за комплиментите искажани кон мене лично, во неколку наврати, а сакам да се извинам за она што тој го идентификува како доцнење. Има две работи.

Првата е затоа што вчера на завршувањето на седницата беше спомнат терминот 12,30 часот. Јас проверував утрово, ајде нека е и тоа пропуст, но во тек беше седница на Комисијата за европски прашања каде имаше четири законски проекти или измени од Министерството за финансии и мораф да координирам нешто околу кореспондентните табели. Но сепак вината е на наша страна и да ја искористам оваа прилика да спомнам или да објаснам дека она што беше кажано, наводно 6 милиони евра биле предлог за трансфер кон невладини организации, воопшто не е точно. Станува збор за погрешно читање на бројките.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Повелете господине Бучковски, вашите 60 секунди за контра реплика.

**Владо Бучковски:** Јас очекував, ако сум во заблуда за доцнењето, да има посодоветен одговор затоа што и пола од пратеничката група на СДСМ е на таа веќе фамозна Комисија која, не знам претседателе, зошто се поклопува со пленарната седница на Парламентот. Еднаш веќе разговаравме дека тоа е недопусливо. Но, добро. Таму е заменик министерот за финансии. Прифаќам дека ако бил координатор министерот за финансии тоа да е добра причина за одлагање на седницата, но не прифаќам објаснување дека овие 6 милиони евра не се за невладини организации, а да не знаеме за што се. Јас го читав образложението и должни сте да дадете образложение, бидејќи вие сте предлагач на оваа одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Во однос на процедуралниот дел од вашата контра реплика, треба да ви кажам господине Бучковски дека Парламентот во овие денови, пред носење на буџет, како впрочем и сите парламенти е во извесен цајтнот и затоа се случуваат и такви работи. Временската стиска е голема. Ве молам тоа да го уважите.

На ред за збор е господинот Никола Ќуркчиев, но тој не е тука.

Игор Ивановски исто така не е тука.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван господин министер, почитувани колеги пратеници.

Иако не сум економист и малку ја познавам проблематиката со финансиите, сепак сметам дека во интерес и на граѓаните на Република Македонија и во интерес на граѓаните на градот Кочани, од општината од која доаѓам, редно е да се јавам и да подискутирам за неколку работи околу оваа одлука за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници.

Најнапред да кажам дека сум изненаден од сумата која е предвидена за пренамена на овие буџетски средства, а таа е цирка 45 милиони евра. Ако 45 милиони евра буџетските корисници не знаеле да ги искористат во период од 11 месеци, невклучувајќи го месец декември, сметам дека за овие 15-тина дена или поточн о кажано 11 дена, уште помалку можат да бидат реализирани овие средства кои ќе бидат наменети за искористување до 31.12.2007 година.

Меѓутоа, има многу нелогичности околу предлогот што е даден за пренамена на овие средства, а пред се би се осврнал на излагањето на министерот Славески, кој во неговиот говор кажа дека со оваа одлука се предвидени средства за легализација на дивите објекти, за сиромашните...

(Реакција од место на министерот Славески).

Вие тоа го рековте вчера во вашиот говор.

**Љубиша Георгиевски:** Ајде ве молам продолжете.

**Влатко Серафимов:** Еве да го исклучиме и тоа. Еве не сте го кажале. Лошо су ве разбрал. И тоа го прифаЌам почитуван миистре. Се прифаќам. Лошо сум разбрал, не сум економист, ќе го прифатам и тоа.

Меѓутоа, ќе се вратам на канализацијата за Бутел и Инџиково. Ќе се вратам на Јавното сообраќајно претпријатие во Скопје,

Зошто не дадете пари за обновување на автобусите во Битола. Зошто не ја реконструирате зоолошката градина во Битола која е во катастрофална состојба. Меѓутоа, сметам дека овие средства кои ги пренаменувате се тенденциозно направени и се со една единствена цел да ја замајате јавноста и да и кажете на јавноста дека вие давате пари.

Скинувањето на 3 милиони денари за слечиштето Рамина во Велес.

Понеделник на дневен ред е Буџетот за 2008 година. Сигурно ќе имаме многу амандмани за слечиштето во Велес. Таму има и проект. Таму има изготвени и започнати работи и таму може ли да се реализираат тие средства, а зошто не се реализирани тоа е друга работа. Меѓутоа, сега им ги земате тие 3 милиони денари што тука во оваа сала пратениците го изгласаа аманманот и со аплауз, од страна на владеачкото мнозинство, таа одлука беше проследена. Сега вие им ги земате парите. Ќе имаме расправа ан 17 декември за Буџетот, ќе имаме амандман за слечиштето во Рамина, дали ќе бидат три, пет или еден милион, пак ќе се изгласа, владеачкото мнозинство пак ќе го изгласа тоа и така вие секоја година ќе давате пари за Рамина и секоја година со една ваква одлука на крај ќе им ги земате парите и никогаш нема да биде завршено слечиштето во Рамина.

Меѓутоа една друга работа ми е дискутабилна. Во прегледот кој го направивте имаме 13 милиони евра за невладини организации, Министерството за финансии - невладини организации, во Министерство за транспорт и врски има невладини и уште на едно место има за невладини организации некаде вкупно 13 милиони. Зошто не ни го објасните тоа што е тоа, за невладини организации 13 милиони евра, кој ќе ги потроши тие пари.

Северната трибина, Севераната трибина е еден парадокс кој што Владата на господиниот Груевски не можејќи да го реши “Кинескиот ѕид”, не можејќи да го реши уривањето на “Кинескиот ѕид” наоѓа едно многу суптилно решение да изградиме “втор кинески ѕид”, па и таа микро клима што ја има по течението на река Вардар да го угушиме Скопје и вака ќе имаме два кинески ѕида, ќе ја изградиме Северната трибина, а на Северната трибина дали знаете колку луѓе можат да бидат присутни со изградбата на Северната трибина со постоечката Јужна трибина и Западната и Источната трибина. Дали имате проекција колку луѓе ќе бидат присутни на Градскиот стадион во Скопје.

Второто прашање, кога последен пат Градскиот стадион во Скопје бил полн. Ќе чекаме на пет години да го полниме? И за тоа ќе дадеме 5 милиони евра, ќе започне проектот, ќе му дадете аванс на “Бетон” од Скопје и сето ќе биде завршено, парите ќе бидат потрошени, а Северната трибина ќе биде во март. И знаеме дека ќе биде во март, меѓутоа кој март и која година. Затоа почитуван господин минстер оваа одлука не соодветствува со реалната слика во Република Македонија.

Давате средства за изградба на две цркви во Битола. Зошто да се градат две цркви во Битола, а да не се направи едната црква да биде во Битола, другата има камен темелник ставено во Кочани. Затоа што политичката проминиенција на градоначалниците кои што фигурираат од СДСМ никаде не им давате средства, нема ни да им дадете, а две цркви во Битола е излишно да правите.

Што се однесува до средствата што се предвидени во Министерството за животна средина и просторно планирање за изградба на пречистителни станици, за други градежни работи се зголемува за 1,5 милион и изградба и реконструкција на пречистителни станици и други градежни работи се зголемува за 4,5 милиони. Кажете ми кој е тој човек што во ова време со овие средства ќе направи пречистителна станица, освен ако не е тоа пречистителна станица за некој стопански субјект или пречистителна станица за некој хотел. Со овие средства, почитуван министер не можете ништо да направите околку пречистителната станица. За изграда на пречистителна станица се сметаат 90 евра по еквивалент на жител и ако ја ставите оваа сума, ќе видите за колкава пречистителна станица се работи и за кое подрачје барем да било дефинирано. Меѓутоа, тоа е стилот на работата на оваа Влада, тоа е стилот на работа и на Министерството за финансии, за 45 милиони евра да ги потрошиме за 10 дена навистина ќе

биде задоволство да се гледа, навистина ќе биде и задоволство околу новогодишните и Божиќните празници да го видиме бенефитот кои ќе го осетат граѓаните на Република Македонија.

Затоа почитуван министер најпаметна одлука ќе биде да ја повлечете оваа одлука и од понеделник да се подготвуваме да расправаме за Буџетот за 2008 година, во кој проекциите кои што ги даваат министерствата ќе бидат реални, проекциите кои што ги предвидува - не сакам да навлегувам и да бидат опширен, но имаме промашување за парно или за електрична енергија од 20 милиони денари, во некои министерства и ред други програми, кои министерствата не знаеа како да ги потрошат средствата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот министер за финасии.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Беше поставено истото прашање во врска со наводното трансферирање на средствата во огоромен износ до невладини организации. Јас верувам дека кога тоа би било случај, голем број невладини организадии во Република Македонија би биле среќни, но сепак Владата не е во состојба ниту смее и може на ваков начин да го помага нивното работење. Значи не станува збор за никакви трансфери до невладини организации. Ако добро се прочита ќе се види, тука трансферото односно промените кај Министерството за финансии - функции на државата станува збор дека преку таа сметка, преку тој Раздел ќе се трансферираат средствата за поголемите проекти што вчера ги образложив и се кажани пред македонската јавност. Имено средства за изградба на социјалните станови и трансферот до Јавното сообраќајно претпријатие за набавка на автобуси.

Тоа беше првото прашање.

Второто прашање кое се однесува за критиката која што ја упати господинот Серафимов на еден од проектите, изградбата или доизградбата на градскиот стадион, беше поставено прашање наводно кога бил полн градскиот стадион. Јас мислам дека на петти октомври беше преполн градскиот стадион. Не сакам да ве потсетувам, не беше фудбалски натпревар тогаш.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Контра реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван министер, петти октомври е убав датум и пак ќе се наполни, само знаете кога? Кога Република Македонија ќе биде во Европската унија, а со ваков министер и со ваква Влада никогаш нема Република Македонија да биде во Европската унија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Сакам да кажам дека било кој од нас ако сака, ќе каже дека пренамената како што е извршена од страна на Владата може да биде извршена на друг начин за задоволување на други потреби, не оние кои се наведени во одлуката. Секогаш може да се најде начин да се оспорува она што е направено како проектирање.

Јас ќе се задржам само на она што беше спомнато за пренамената за доизградба на канализационата мрежа за Инџиково, со оглед дека доаѓам од тој регион и овој проблем ми е лично познат. Тука реализацијата на овој проект е во тек, меѓутоа, недостасуваат средства, а состојбата е алармантна заради тоа што при секое паѓање на дожд луѓето во селото и околината пливаат во фекалии, заради тоа што од почеток во текот на минатиот парламентарен состав е почната градбата на овој проект, меѓутоа наопачки, наместо од селото накај сливалиштето е почнато обратно, од град Скопје од Вардар накај селото и заради тоа доаѓаме во ситуација при најмал дожд луѓето едноставно да пливаат во фекалии. Таму ситуацијата е невозможна и бара брзо решавање на проблемот, па од тие причини мислам дека оваа праенамена е направена на прав начин и на право место. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Серафимов, вашите 60 секунди за контра реплика, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитувана колешке Дулиќ, зошто ако оваа Влада толку се грижела за Инџиково не биле предвидени средства од Министерство за транспорт и врски кога се делеа средства за изградба за водовод и канализација. Тоа е едната работа.

Втората работа, ако во Инџиково се потребни милион евра за да се направи канализациона мрежа, во село Соколарци потребни се 100 илјади евра, па оваа Влада не сака никој пат да ги даде. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Сосема нормално е оваа тема која вчера и денес ја имаме на дневен ред да привлекува големо внимание не само во Собранието на Република Македонија туку и кај македонската јавност, заради тоа што граѓаните на Република Македонија очекуваат или очекуваа да ги видат резултатите од ветувањата кои оваа Влада во предизборната кампања им ги даде на граѓаните на Република Македонија. Очекуваат да видат дел од ветувањата кои вие како носител на листа во изборната единица број 2 им ги кажувавте на граѓаните на оваа изборна единица и сосема нормално е да постои еден ваков интерес да видат какви се намерите на оваа влада во распределување на средствата кои се собираат од граѓаните на Република Македонија.

Разговаравме на седницата на Законодавно-правна комисија токму за оваа одлука за пренамена на средстата меѓу буџетските корисници и тогаш реков, а сега ќе повторам дека не понудивте аргументи со кои ќе не убедите, барем мене или дел од опозицијата дека носите одлука која што е поткрепена врз основа на закон и морам да кажам уште еднаш, и на Комисијата се изјаснив и сега дека оваа одлука е спротивна на Законот за буџети во Република Македонија. Сакале тоа да го признете или не, тоа се насира и во делот на аргументите кои ги нудите пред Собранието на Република Македонија зошто оваа одлука треба да се донесе. Ако една одлука која што ја нудите до Собранието на Република Македонија сте ја гледале на Владата, се базира на одредено законско решение кое треба да биде поткрепено, овде ќе излезевте со конкретен предлог, со аргументи дека врз основа на тој и тој закон понудивме пренамена на средства меѓу буџетските корисници, овие средства очекуваме да се реализираат за тие и тие намени.

Вчера во експозето кое го имавте по оваа одлука едноставно ни кажавте дека и ваша порака и порака на Владата е: аман луѓе, изгласајте го овој Буџет за да можеме да го искористиме овие средства. Со тоа се стекнува впечаток дека не е многу законски, ама дајте да помогнеме ова да го направиме на начин на кој сме го замислиле, а ефектот ќе биде слаб, ќе биде рамен на нула, ефектот е добар само за во ушите на македонските граѓани да излезете овде на говорница како што го правите тоа во Владата на Република Македонија и да им кажете дека сега ќе ги реализираме ветувањата кои ви ги дадовме почитувани граѓани, денес започнуваме и ќе градиме многу објекти во Република Македонија за кои немавме слух да кажеме дека ќе ги градиме кога го донесувавме Буџетот за 2007 година. И уште еднаш го повторувам тоа што го кажав на Комисијата, иако вчера во вашиот говор рековте дека тоа не се базира врз основа на притисок на јавноста, меѓутоа, точно е дека после објава на одредени информации во одредени медиуми и барање реакции од граѓани, вие започнавте со една ваква прераспределба меѓу буџетските корисници и го понудивте тоа на Собранието на Република Македонија. Многу почесно ќе беше, вие знаевте дека ќе останат неискористени средства во Буџетот на Република Македонија, овие средства можевте да ги распределите со ребалансот на Буџетот кој што беше доставен до Собранието и за него ќе расправавме и ќе беше донесен во рамките на законот. заради тоа што не можете да не очекувате дека има средства кои не се реализирани, ако знаете дека во секое министерство капиталните инвестици се реализирани 20 или 30%, или како што е случајот во Министерството за одбрана, до пред ребалансот кои што го имавме во јуни - јули, реализацијата одвај достигнуваше десет проценти на капиталните инвестиции, па после тоа со ребалансот извадивте дел од тие средства за да го зголемите тој процент на 33%, а нашите војници кои ги испраќаме во мисии, во сите меѓународни мисии од Република Македонија за кои добиваат најпозитивни оценки,а со тоа добиваме и ние како држава, мора да одат без опрема или во одредени моменти како што беше упатувањето или ротацијата пред неколку месеци кога мораше директно да биде интервенирано во штабот на НАТО овие војници да бидат опремени и да можат да заминат во мисии. Значи аргументот дека сега сме увиделе на крајот од годината дека има потреба да направиме мини ребаланс, кој што вие го крстивте, пренамена на буџетски средства е заради тоа што не сте имале увид како се трошат или колку пари ќе останат и сега е момент кога тоа треба да се направи.

Навистина огромна заблелешка имам на тоа од каде се се црпеа финансиски средства, од каде се намалуваа финансиски средства за да ги нудите за одредени проекти и ни кажувате овде приказни за мали деца, верувајте, и тие веќе не веруваат во такви приказни дека нешто можете да направите со смена на ставки во Буџетот во последните 15 дена од месец декември.

Прво, не можам да сфатам и ова го сметам како директен притисок врз Собранието на Република Македонија во период кога се носи новиот Буџет за 2008 година со одземање на финансиски средства од Буџетот на Собранието на Република Македонија. Тоа е тенденција која постојано оваа Влада на чело со Груевски и вас како министер за финансии го правите, постојано дел од финансиски средства кои се потребни на Собранието на Република Македонија за нормално функционирање на секој ребаланс, со нов Буџет, за тоа ќе говориме кога ќе дојде расправата по Буџетот, да ги намалувате финансиските средства. На тој начин не се јакне парламентарната демократија во Република Македонија, на тој начин сакате да воспоставите систем за кој што почнавме многу често да говориме во последните месеци во Република Македонија и тоа мислам дека не е добра позиција од страна на Владата, постојано да се врши на овој или оној начин притисок до пратениците и до Парламентот. Тоа нема да ви донесе резултати, верувајте во тоа што ви го говориме овде.

Втора работа, во моменти кога се очекува покана за Република Македонија за членство во НАТО, во моменти кога сите политички сили во Република Македонија се насочени кон остварување на оваа цел, кога конечно почна политичкиот дијалог врз основа на таа стратешка цел на Република Македонија, ни нудите одлука во која на Министерството за одбрана во неколку сегменти му одземате финансиски средства кои овде се потребни за нив, поправки и одржување, купување на машини, опрема итн, значи неколку ставки кои и те како му се потребни. Очекуваме во даден момент Армијата да биде подготвена со опрема, технички средства и се што е потребно за извршување на мисиите во странство, а со тоа да придонесеме Република Македонија да добие позитивна оценка во делот на самитот во

Букурешт и прием на НАТО алијансата. Сосема погрешна политика која што ја водите во овој сегмент. Или, тесно поврзана со оваа стратешка цел, или идната стратешка цел која паралелно сега ја работиме и ќе ја продолжиме после самитот во Букурешт, тоа е приклучувањето на Република Македонија кон Европската унија, разделот 04009 - Секретаријат за европски прашања се намалуваат финансиските средства.

Наместо да вложуваме уште повеќе таму во тој сегмент и да унапредуваме, вие тоа го намалувате. И ќе биде во ред, да бидат намалени овие финансиски средства, ама да имаме конкретни проекти, кој што ќе направат многу повеќе од тоа што го имате како влог во тие сектори, да направите во некој друг сегмент многу повеќе. Ако тоа го понудивте многу порано, за да можеше да се реализираат овие проекти кои што ги кажувате, да не биде тоа гола декларација која што е искажана од оваа говорница, ќе беше во ред, меѓутоа, во овој момент, навистина, нема смисла за тоа да се говори.

Во Дирекцијата за заштита и спасување, исто сегмент на одбраната кој што се цени во рамките на приклучувањето на Македонија во НАТО, намалени финансиски средства. Безбедноста на класифицирани информации, се зема финансиски средства. Во Министерството за внатрешни работи се земаат. Само да ви кажам, имате потпрограма која што е гранична полиција, им одземаме 10 милиони денари. Господине министре, запрашајте се во какви услови граничната полиција во Република Македонија ги обавува своите обврски кои што ги има. Дали сте се распрашале и дали сте отишле да видите како и на кој начин живеат и работат луѓето кои што се наоѓаат во полициските станици, во граничната полиција во Гошинце, во Брес, во Кодра Фура, во Танушевци итн. Сега е момент кога не може без затоплување. Тие луѓе таму немаат средства со кои ќе се обезбеди затоплување на полициските станици. Меѓутоа, тоа вас не ве интересира, заради тоа што е многу фино да правите една ваква пренамена на буџетски средства во кабинетите на Министерството за финансии, без притоа да се има реални показатели, што се случува на терен.

За Дирекцијата за спречување на пари, борбата против корупцијата и криминалот се води, меѓутоа, од оваа Дирекција да им намалиме финансиски средства, да можат што е можно помалку активности нека обавуваат, тоа секако не е во интерес на таа борба за спречување на перење пари, или борба против корупција, ама е во интерес на тие што се сега на власт.

За Министерството за економија и за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, навистина нема што да се зборува. Сите ставки кои што ги имале во нивните буџети, сега со пренамена на средства им се одземаат. И на министерот за економија и на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. И навистина паѓаат во вода, сите заложби, сите искажувања овде, сите сликажа во Владата на Република Македонија дека оваа година обезбедивме финансиски средства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како никогаш досега и оваа година, земјоделците во Република Македонија се задоволни, или најзадоволни од осамостојувањето на Република Македонија. Ниту почувствуваа ниту видоа, денеска прикажувате овде со оваа одлука дека тоа што беше предвидено со средствата во Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е магла и ветер, нема врска од тоа што го говоревте дека ќе добие поттикнување на земјоделството итн и ќе им поделиме многу финансиски средства на овие граѓани, при Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделието итн.

Што е она што сега во даден момент овде се говори дека се зголемува или што ќе направиме и првата и основна работа во Владата на Република Македонија економската промоција, договорните услуги се зголемуваат за 12 милиони денари. Огромен проект, ама не за Македонија, огромен проект за ВМРО-ДПМНЕ. Што повеќе реклами во медиумите, што повеќе ангажирања на овие агенции кои што изработуваат реклами, толку поголем процент кој што ќе се слее во касата на ВМРО-ДПМНЕ. И за тоа, навистина, треба да ви се оддаде признание и ќе ви оддадат сигурно во вашата партија, меѓутоа не и од граѓаните на Република Македонија.

Втор голем проект, кој што вие го замислувате во Службата за општи и заеднички работи, купување на мебел, опрема, возила и машини 18 милиони денари. Многу поважна ставка за вас, од опремување на Македонската армија, или од средување на полициските станици на граничната полиција. Многу побитно е за вас тоа. Меѓутоа, ќе се реализираат одредни тендери кои се во тек - Функции на државата од зголемување во Министерството за финансии.

Министерство за животна средина и просторно планирање за изградба и реконструкција на прочистителни станици. Сега дојде моментот, дајте во последните 15 дена ќе градиме прочистителни станици. Ама ги одзедовме парите од Свети Николе за водовод, од Прилеп за водовод, од Тетово за водовод во овој момент, ама ќе градиме прочистителни станици. Тоа е многу побитно, отколку да имаат луѓето чиста вода за пиење.

Понатаму, знам дека навистина, голем проблем е на жителите на Гази Баба на Инџиково, со фекалната канализација. Тоа е веројатно проект кој што го ветуваше и вашиот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ Коце Трајановски, проект кој што и вие го ветувавте во кампањата за парламентарните избори, меѓутоа, не беше проект кој беше на листата на приоритети за носење на Буџетот од 2007 година. Тоа можете да го реализирате досега и да покажете дека навистина сте заинтересирани за решавање на

овој проблем на луѓето од Инџиково. Нема ништо со пренамена на одлука за 15 дена да им дадете финансиски средства и со тоа ќе ја решите состојбата во Република Македонија.

Вашиот градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ, на функцијата од 2005 година до сега, вие веќе две години ќе биде како сте на власт во Република Македонија, не решивте проблем на фекална канализација, ќе решите за 15 дена. Нон сенс. Само продолжете, излегувајте и кажувајте им дека од денеска луѓе ќе се изгласа во Парламентот одлука со која што ќе обезбедиме финансиски средства и за Нова Година здравје Боже, ќе имате решение на вашиот проблем, ќе имате мрежа со која што ќе се изгради фекалната канализација во ова место. Дај Боже нека е така, нека се оствари оваа заложба, навистина да се скратат маките на тие луѓе кои што се од Инџиково.

Изградба на трибина на градскиот стадион. Купување на автобуси за Скопје. Сега ви текна купување на автобуси за Скопје да правите. Досега тоа не можевте да го направите во Буџетот за 2007 година, да ги имавме сега овие автобуси. Или сега видовте дека се врши притисок најмногу на вашиот градоначалник Трифун Костовски, кој што го промовиравте за градоначалник, му дадовте поддршка, кажувавте дека тој е најдобриот во Македонија, дека ќе имаме навистина, европски градоначалник, дека од Скопје ќе направи метропола. Кога се тоа падна во вода, кога и вие самите не верувате дека тој не може да биде градоначалник, а не добар градоначалник, кога се поведоа кампањи меѓу граѓаните на Скопје за негова смена, дајте сега ќе го спасиме. Да покажеме дека не згрешивме многу. Дали многу или малку, вие господине Славески, Груевски и ВМРО-ДПМНЕ згрешивте со Трифун Костовски. За тоа, треба да им се извините на скопјани. И не можете да санирате ништо, со тоа што денеска ќе му дадете пари за купување на 200 автобуси. Тоа што го правите како помош на градот Скопје, треба да го направите за сите други градови во Република Македонија. Дајте помогнете на другите јавни претпријатија, помогнете на другите градови кои што имаат одредени потреби. Го спомна колегата Бучковски, јас ќе повторам. Како може Куманово како една од најголемите општини во Република Македонија со 110 илјади жители, да не најдете за сходно 30 милиони денари да пренамените да ги ставите во Управа за јавни приходи, со кои што ќе му помогнете да се санира финансиската состојба во Јавното претпријатие “Чистота и зеленило” и на тој начин да покажете дека имате добра волја да го решите проблемот на граѓаните на Куманово, кои што неколку пати, или на 2-3 месеци, со блокада од ваша страна од Управата за јавни приходи се блокира и цело Куманово останува затрупано во комунален смет, со таков степен на нечистотија што може да придонесе да има дури епидемии и заразни болести итн. Ама на вас Куманово не ви е битно. Ви беше битно Куманово да дојдете на парламентарните избори да шетате низ него и да кажувате колку е добро да бидете на власт и кога седнавте во министерската фотелја во финансии, веќе Куманово не е битно. Заборавивте на тој аспект. Ама можеби тоа е една од причините што во Куманово не победивте 17 години. Вие ако сакате таму да постигнете резултат, направете нешто за кумановци да видат тие дека ВМРО-ДПМНЕ мисли за нив. Инаку, ако продолжите вака супер, покажете го вашиот однос према кумановци, меѓутоа, тие и те како тоа ќе покажат на наредните избори. Тогаш ќе се срамите да влезете во Куманово, а не да дојдете по улиците и по куќите да им кажувате колку добро оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ направи, или вие како носител на листа кој што милуваше да биде дел од кумановци кој што кажуваше дека јас живеам со вас, ќе направам се што можам да направам ако дојдам на власт. Меѓутоа, гледам дека за Куманово немате дадено ниту еден денар. И тие пет милиони денари што минатата година преку амандман успеавме да ги ставиме на контото на Бирото за неразвиени за асвалтирање на патот во село Табановце, сега со оваа одлука ги пренаменувате, ги замате и ги давате на некое друго место. Тоа е вашиот однос преку Куманово и према најголемата општина во Република Македонија и продолжете така, јас немам ништо против. Меѓутоа, за тоа ќе ви го кажат судот на граѓаните на избори.

Мислам дека време е навистина да се откажете од ваков еден проект во кој што 45 милиони евра ќе ги пренамените спротивно на законските прописи во Република Македонија, ќе си ставите ставки таму каде што ви завршиле тендерите во овој момент, за да можете да им ги префрлите финансиските средства. А некаде, каде што се завршени сите потребни тендерски прописи, минати рокови, треба да се склучуваат договорите, таму им ги одземате парите и не им дозволувате. На пример, Студентскиот центар во Скопје. Со завршена документација, со се, во фаза на потпишување на договор ги влечете парите. Или, Собранието на Република Македонија со завршени тендери, со се, носите одлука да ги земете финансиските средства. Тоа не е однос на една одговорна Влада. Јас знам дека вашата политика е да можете се да земете. Се што припаѓа на граѓаните на Република Македонија да можете да земете и да концентрирате од вас, не заради друго, за да кога ќе дојдат кај вас во Кабинетот, кај Груевски да тропнете на маса и да им кажете, да видите кој е газда во Република Македонија. овде морате да се обратите, не можете да одите ниту во локалната самоуправа, не можете ниту во Собранието, за што ние колку пари ќе им дадеме, така ќе тераат тие. Не можат без нас. Меѓутоа, тоа е политика на краток рок. Политика која што се води на кратки стази, политика која што ја препознаа граѓаните на Република Македонија. Тоа нема да ви носи поени господине министер. Меѓутоа, лошо е што сето тоа е на штета на граѓаните на Република Македонија. Колку сакате можете да не убедувате овде дека не е на штета

да им одземете на пензионерите солидарен фонд, не е на штета да им решите прашања на стечајните работници, не е на штета за луѓето од руралните подрачја да не им плаќате пензиско и инвалидско осигурување и уште многу други рестриктивни мерки. Меѓутоа, тие тоа го чувствуваат. Нема веќе човек во Република Македонија кој што ќе поверува дека кога ќе го видат Груевски со сите министри зад него во Владата на Република Македонија и ќе им кажува дека во Република Македонија подобро се живее, а кога ќе одат во продавница не можат ништо да купат со финансиските средства кои што ги имаат на располагање дека граѓанинот живее подобро. Тоа време помина. Заради тоа, мислам дека вакви работи кои што во овој момент ги правите, не знам оваа одлука колку брзо да ја донесеме денеска, ефектот ќе биде никаков, освен за тендерите и јавните претпријатија каде што вие ќе интервенирате за да можете да ги реализирате процентите кои што ја засегаат ВМРО-ДПМНЕ, не можете ништо да направите. Меѓутоа, ова нека ви биде една поука при носењето на Буџетот на Република Македонија кој што го доставивте така спектакуларно во Собранието на Република Македонија да бидете доблесни да прифатите одредени амандански решенија, кои што ги нудат пратениците во Република Македонија за решавање на проблемите на граѓаните, а не за решавање на проблемите на политичката елита која што моментално е на власт во Република Македонија. Само на таков начин ќе покажете дека имате визија, имате програма, која што е во интерес на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Катерина Димеска има реплика.

Вашите три минути, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници,

Значи уште еднаш ќе се јавам за една кратка реплика и мислам дека после оваа моја реплика понатаму нема да се спомнува водовод, Прилеп, каде што се кажува дека се одземаат пари за водоснабдување на општината Прилеп.

Почитуван колега, значи да ги расчистиме работите. Проектот кој што се реализира за подобрување за снабдувањето со вода на општината Прилеп кој што е со грантот за КСБ банката, тече и е во втора фаза. Према тој проект, ако Владата на Република Македонија беше обврзана да додели еден милион евра како институционална поддршка, да ве прашам почитуван колега, значи ли тоа дека во 2004 година кога и тогашната Влада оддели средства за институционална поддршка, а проектот не влезе во втора фаза, истите средства после тоа беа префрлени во наредната година, затоа што не беа искористени, затоа што проектот не одеше во втора фаза. Значи ли тоа дека намерно се опструираше во тој период реализацијата на овој грант. Не значи. Значи, не се почна со тековни активности, не се искористија средствата, во наредната година се префрлија. Не сакам од се да се прави политика. Во конкретниот случај овие средства што се останати и кои што вие велите се одземаа за водоснабдувањето на општина Припеп, не е точно и целосно го демантирам. Во наредната, во 2008 година, потребните средства кои што треба да бидат во тој дел, како институционална поддршка, се предвидени и ќе си бидат доделени од Владата. Не е се да се прави политика и од потребно и од непотребно. Тука во целост ве демантирам и уште илјада и еден пат да го кажете истото, ќе кажам дека не сте во право, без разлика кој дискутира, затоа што ова е работа која што е во фаза на реализација. Проектот оди, фирмите кои што ги изведуваат работите, уште еднаш ќе кажам за целокупната јавност, се избираат на меѓународен тендер. Не ги избира ниту Владата на Република Македонија, не ги избира ниту локалната самоуправа во општина Прилеп. Консултантот е присутен тука и си го контролира реализирањето на проектот. Дискутирајте за било која точка, за било кои пари, меѓутоа ова не е во ред да се спомнува, кога не е така. Целосно демантирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Оливер Спасовски вашата контра реплика, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам колешке, излегов само за да ве гледам во очи за она што ќе ви го кажам. Ќе читам, значи во разделот 13001 Министерство за транспорт и врски, во потпрограма 3Г, водоснабдување на Прилеп, ставката 482, други градежни објекти, се намалува за 9 милиони и 300 илјади денари. Значи, вие можете да говорите овде што сакате. На прилепчани не можете да им објасните, зошто седите тројца пратеници од власта во овие парламентарни клупи кога дозволувате некој да ви зема од средствата кои што се за вашиот град. А пред два месеца, вие и вашата партија ја покачивте водата за 100% во Прилеп. Тоа треба да излезете и да им го кажете на граѓаните. За нешто што се пишува овде и што ви се одземаат парите. Очекувам колку вие исто така ќе успеете во новиот Буџет да има средства и за Прилеп и за целиот регион. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега пред да му дадам збор на господин Никола Ќуркчиев, предлагам да работиме до 15,00 часот, прекинот за ручек да биде од 15,00 до 16,00 часот за да има една рамнотежа меѓу двата дела на седницата.

Повелете господине Ќуркчиев.

Повелете господине министер. Само еден момент.

Давам прекин од 5 минути по барање на министерот кој имал од порано закажано средба со новинарите во ова време. Но бидејќи е нестандардна седницата временски, дојде до тоа недоразбирање.

(Реакции од пратениците).

Ако е така, тогаш објавувам прекин од еден час за ручек. Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,13 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани гледачи на собранискиот канал, бидејки 4, или 5 пратеника се во салата, подобро е да се обратам до гледачите.

Накратко би сакал јас да го образложам мојот став по однос на понудената одлука за прераспределба на вишокот на буџетски средства помеѓу буџетските корисници. Знам исто така, дека за многумина навистина ова е многу дискутабилна и неисправна одлука, месец дена по ребалансот на Буџетот да се направи нова распределба на средствата. И навистина кога го слушав министерот за финансии, не можев да се изначудам дали е можно кога веќе од утре,или од понеделник кога ќе водиме и кога ќе почнеме расправа за новиот Буџет, ќе мора да го започне своето обраќање дека кога се носи Буџет мора да се почитуваат неколку закони, меѓутоа најмногу Законот за буџети. Во управувањето со буџетите постои флексибилност определена во членот 33 во Законот за буџети кој вели дека буџетските корисници од централната власт и фондовите со пренамени во тековната фискална година можат да ги пренаменат одобрените средства во Буџетот на ниво на програма најмногу до 15%. Навистина, ако тие средства, или тие пренамени се од страна на Собранието и се потрошат, тогаш ајде и некако да најдеме разбирање за тоа. Но, навистина ако Собранието на Република Македонија не убедува некој дека од понеделник ќе почне да го носи најдобриот и најголемиот Буџет до сега во Република Македонија, тешко дека ќе можеме да ја разубедиме македонската јавност во исправноста на политиката што ја води денешнава Влада. За два дена ние овде се караме, или се расправаме, дури и се закануваме на дел од пратениците, се извинувам, значи дури и на министрите особено кога ќе се посмисли дека одговорноста за непотрошените средства е токму кај пратениците во опозицијата, а не кај министерот за финансии, бидејки работата на пратениците од опозицијата е да го следат Буџетот, а не на министерот и движењето на средствата во рамките на Буџетот и да не го дозволи се разбира  ова што се случува токму сега. Навистина кога би се шалеле би било така, меѓутоа почитуван министер, сето ова укажува на една навистина непријатна констатација дека Владата изгледа не е способна да проектира или менаџира Буџет во државата. И се надевам дека не се работи за лоши намери на ваши, или на некои други министри и не сакам да навлегувам во тоа, меѓутоа, верувајте дека понудената одлука сама по себе потврдува дека или се нема прецизна претстава за понудените приходи, ниту пак правилно на почетокот на годината и при ребалансот се утврдиле трошоците. Со тоа по кој знае кој пат и Владата во целина и министерстата поединечно потврдуваат дека се во состојба да ги реализираат активностите што ги зацртале, ама во партиските простории, а не онака како што зацртале во програмите владини кои што сами ги носат. И за жал, сигурно дека тоа не значи многу за иднината на Република Македонија. Ако го споменам само Министерството за транспорт и врски и програмата која што само си ја донело ќе видиме што се не реализирало, би требало долго да зборувам од оваа говорница. Меѓутоа, ќе продолжам со тоа, бидејки се работи за една солидна бројка од 45 милиони евра кои еве, нека се и вишок кои се предмет на прераспределба, нормално дека отвораат повеќе прашања и дилеми кај пратениците.

Прво,од каде и зошто токму на 20-тина дена пред истекот на тековната година се појавува вишок од 45 милиони.

Второ, ако веќе се јавува толкав вишок на средства, значи ли тоа воопшто сигнал за Владата дека треба сериозно да се размисли за тоа кај кого е одговорноста за една ваква состојба. И не е ли попаметно, или попаметна политиката од на пример дедомразовската би рекол новогодишна улога на Владата која што си ја дели. Одговорот претпоставувам почитувани колеги ќе започне да се наѕира во расправата по Буџетот која што по програмата треба да ја започнеме во понеделник, или пак за некој час се разбира до колку се одлучи поинаку.

Трета работа, што сакам да ја потенцирам е дека воопшто не се согласувам, ако се веќе вишоци на средства да се распределуваат на начин како што се прави тоа со одлуката на Владата. Затоа што како и да ги анализираме, членовите на оваа одлука ќе видиме дека на ниедно место, во ниедна реченица или збор нема да препознаете било какви критериуми. Тоа според мене е недопустливо и кога се работи за домашен би рекол, семеен, а камоли за 45 милионски буџет и тоа на државата. Затоа прашувам, каде се анализите на Владата, кои се критериумите по кои е утврдена пренамената на средствата, по кој клуч токму наведените работи се утврдени како приоритетни и потребни на Република Македонија во овој момент. Такво нешто во оваа одлука нема. Ќе дадам само неколку примери преку кои недвосмислено се надевам ќе стане јасно дека Владата вишокот од 45 милиони евра. предлага да биде недомакински потрошен главно за неприоритетни цели. Зошто го велам ова. Заради тоа што во ниедна предложена ставка од понудената Владина пренамена ги нема на пример стечајните работници од “Жена Парк”. Значи ли оваа одлука дека и пожарите кои ги имавме летово биле само реклама на владината грижа за граѓаните. Ова го прашувам затоа што во одлуката е предвидено земање средства од

институции и органи наделжни за справување со таков тип на елементарни непогоди и пренамена на тие средства за други цели е навистина нецилисходно. Искрено кажано, прилично се изненадив кога во делот на одлуката каде се опишани новите намени на средства не ја сретнав ставката која ќе го зајакне капацитетот на државата, на институциите кои пред се велам се справуваат со елементарни непогоди и тоа навистина им е надлежност.

Завчера вечер почитуван министер, на пример имавме блокада на патниот правец Валандово-Гевгелија, се разбира од земјоделците. Но, во вашата одлука не гледам дека Владата со вишокот на средства планира нешто за нив. Низ цела држава имаме објекти и проекти од суштинско значење за граѓаните за чија што реализација би бил доволен само еден мал дел од овие 45 милионски средства, но нема ништо за тоа. Можно ли е некој домаќински да работи, а да не размисли, или да бидам пократок, да не го асфалтира патниотправец Скопје-Велес кој што беше затворен година дена, кој што мораше да биде надграден, кој што мораше да биде завршен токму кога завршуваа и мостовите. Меѓутоа, за таа работа немало средства. Мислам дека вакви примери може да набројуваме многу. Да не должам, мојот став и несогласување со оваа одлука ќе го парафразирам со две, три реченици и ќе завршам.

Почитувани колеги пратеници, со оваа одлука за прераспределба на вишокот на средства од 45 милиони евра во Буџетот на државата, Владата практично докажува дека ниту ја владее ситуацијата, ниту пак има корисни и паметни идеи за државата и граѓаните како и на кој начин да се потрошат овие големи средства. Со начинот на Владата на кој предлага како да се потрошат овие 45 милиони евра на мала врата се прави преседан кој што, или за кој што голем број на институции ќе го кажат својот збор, ако истите тие средства не бидат потрошени. Дури тогаш ќе имаме двоен проблем.

Почитувани колеги, секоја вечер на телевизија гледаме дека “знаењето е сила, дека знаењето е моќ” но знаењето не е само рекламирање. Знаењето значи инвестирање, или како да го разбереме знаењето што го гледаме на телевизија секоја вечер, се разбира со големи пари кои се земаат пред се од образовните институции. И во оваа одлука предлагачот не заборавил да им собере по некој денар на образовните институции во Република Македонија. Пред некоја вечер бев во Петровец, тоа е на 4, или 5 километри од оваа сала. Голем број на граѓани се запрашаа дали воопшто знам колку училишта има таму? Признав дека не знам. Ме прашаа, дали знаете какви тоалети има и дали воопшто има? Меѓутоа, средства за нив и овој пат нема. Меѓутоа, што да дискутираме почитувани колеги кога и онаа одлука за која што собравме храброст да дигнеме рака да ја донесеме, како што вчера детално објасни колегата Макрадули, за прв пат да ги промениме овие услови лоши кои што навидум можеби од надвор изгледаат дека ова републичко Собрание доликува да биде онака како што треба, меѓутоа ние внатре најдобро знаеме какви услови имаме. Од 120 пратеника, само десетина пратеници имаат компјутери кои што се постари од 10 години. И средствата наменетеи за таа работа мораше министерот да ги собере. Ќе мора да носиме друга одлука. Зошто? Заради тоа што не можеле,како што ни објасни вчера,не можеле да бидат потрошени. Ве молам, Собранието не можело да купи компјутери цела година. Е тоа е домаќинско работење. Тоа е оваа одлука за која што треба ние да гласаме. Ве молам, погледајте ги просториите какви ни се? Не треба никаков коментар. И ако бидеме искрени ќе признаеме дека вакво нешто не треба да се случи. Јас навистина не знам кој бил предизвикот за еден ваков предлог. Најдобро знае оној кој што го предложил. Меѓутоа, тешко дека ќе може да се замаскира, или јавно да се оправда една ваква одлука со неколку ситни потези кои што се ставени во одлуката и за кои што јас не дискутирам заради тоа што ценам дека се оправдано ставени. Меѓутоа, генерално, извинете, не можам да го сокријам моето разочарување за една ваква одлука. И како да не трошиме време и да не го кажеме тоа? И затоа почитувани колеги пратеници, ве повикувам и вие да не ја поддржите оваа одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер за финансии побара реплика.

**Трајко Славески:** Претседателе, сосема кратко. Веројатно господинот Ќуркчиев не беше вчера, барем на оној дел од седницата во кој што беше објаснето дека на сметката на Собранието на Република Македонија 483 има 45 милиони денари од кои што беа потрошени 1,5 милони денари за проектот набавка, или подобрување на компјутерската мрежа. Средствата се тука. Според нашите информации тие ќе се реализираат до крајот на годината. Кажавме што не е реализирано и што се пренаменува. Мислам дека не требаше овде да се прави вака повторна грешка.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе. Почитуван минситер, го имам пред себе она што сте го кажале вчера во вашата реплика и навистиан почитувајки го вашиот политички конформизам кој што јас знам дека ве тера вие да верувате убаво во напредок, или во постигнувања, или некаква незаменливост. Меѓутоа, сватете дека реалноста е многу поинаква од онаа што вие сакате да ја прикажете. Реалноста, очекувањата и желбата на граѓаните се многу повисоки од она што го нудите. Меѓутоа, јас зборував за нас пратениците тешко дека 120 пратеници од ова Собрание ќе убедите во нешто што тие катадневно се соочуваат со проблеми,

сериозни проблеми имаме во нашето функционирање. И дајте ни услови да работиме.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам господине претседателе, навистина не очекував дека Собранието на Република Македонија било кога во својата историја ќе се соочи со дискусија од овој тип, бидејки ваквата Предлог одлука за која што Владата безуспешно и владеачкото мнозинство се обидува да бара преседани е случено само еднаш како технички аспект и тоа по барање на, по препорака на Европската комисија од проста причина што и во Уставот и во законите за Буџет за кој што патем речено се предлага и негово дополнување и изменување е точно регулирано на кој начин ќе се врши усвојувањето на Буџетот, што е ребаланс на Буџет и во какви ситуации може да се користат вакви одлуки?

Јас очекував дека Министерството за финансии ќе даде евентуално, ако биде приморано на таква ситуација, Предлог-одлука за пренамена на буџетските средства во износ од 20-тина илјади евра, 30-тина илјади евра преведени во денари, но не и за износ од 45 милиони евра. Што покажува тоа? Тоа покажува многу дефекти и проблеми кои се лоцираат и во Министерството за финансии, но и во останатите министерства.

Првата работа е што Министерството за финансии го прекршило, но не еден, туку повеќе од принципите на буџетското работење, неефикасност, нетранспарентност, го прекршило еден од политичко економските критериуми господине министер кои ни се обврска и за Европската унија и за НАТО, а тоа е квалитетното буџетско планирање. На овој начин на крајот на годината констатирајќи дека Република Македонија по усвојувањето на буџетот на крајот на 2006 година имаше два ребаланси на буџет и ваква одлука која вие се обидувате да го супституирате ребалансот како институт од законот покажувате дека вие госодине министер заедно со својата екипа, онаа што легендарно многу сака да се појавува на прес конференции од разно разен маркетиншки карактер не сте ги испланирале соодветно ни приходите ни расходите.

На тој начин можеме сега слободно да констатираме, тоа што ќе го констатираме, за жал, очекувајќи и во 2008 година дека вие не си ја вршите својата работа на начин на кој тоа од вас го бараат законите и политичко економските критериуми за влез на Република Македонија во Европската унија.

Број 1 во буџетското работење во Европската унија е да знаете да ги прогнозирате и да ги предвидите и испланирате и приходите и средствата. Во новата измена на Законот за буџети за која, ако корегирате некои работи, ќе разговараме после нова година, тие пет принципи ви се наведени и се обидувате да ги транспонирате преку европската директива. Тоа не е проблем, проблем е што тие принципи не се почитуваат и практикуваат во работењето на Министерството за финансии. Вие своевремено тоа се обидовте да го објасните на тој начин што велевте дека Министерството за финансии нема доволен кадровски потенцијал да ја раководи таа работа. Тоа беше ваша изјава. Но, во исто време во новиот буџет за 2008 година за кој ќе разговараме, се надевам од понеделник, вие предвидувате огромна сума на пари во ставкит договорни услуги, како и во ставките за плати и надоместоци со кои претпоставувам предвидувате драстично да го зголемите бројот на вработени во Министерството за финансии. Шуќур тоа да биде доволно, да ви помогне да го испланирате Буџетот за 2008 година доволно и на начин на кој нема да дозволи уште една ваква одлука.

Што покажува ваквата одлука? Покажува дека Владата на Република Македонија и нејзините институции кои треба да одговараат пред ова Собрание, не си ја вршат доволно својата работа. Министерот за финансии прво треба да демантира една своја невистина искажана во јавноста во Република Македонија, дека овие 45 милиони евра се вишок на средства. Господине министер и вие знаете дека овие 45 милиони не се вишок на средства, тука ја изманипулиравте македонската јавност, бидејќи, да ве потсетам, дека со првиот ребаланс, како што велите вие заради повисоките приходи ги ребалансиравте и расходите и ги зголемивте. Буџетот треба да биде избалансиран со одредена договорена ставка на дефицит. Таа не ја менуваме. Вие кажавте невистина дека се обидувате со ваква одлука да прераспределите и искористите вишок на средства, тоа е лага. Тоа не е точно.

Овие 45 милиони евра не се вишок на средства, овие се неискористени средства во рамките на институциите за кои финансиско работење, како чувар на државната каса, сте согласно Уставот и законите одговорен вие. Вие и екипата во Министерството за финансии. Со тоа доаѓаме до неколку други прашања, гледајќи ја вистината.

Зошто господине министер Владата на Република Македонија дозволи да има суфицит кој ни се јавува во Буџетот на Република Македонија. Дали се сеќавате дека вие, кога ве биравме за министер и кога ни го браневте првиот буџет остро го нападнавте поранешниот министер за финансии и нас како политичка партија која е доминантна во Владата од тој период дека сме продуцирале суфицит и дека тоа е лошо, за што лично се согласувам, во водењето на економската активност на државата. Со идниот буџет од 2.200.000.000,00 евра државата е доминантен и инвеститор и потрошувач и набавувач во Република Македонија. За жал, таква ни е економската ситуација.

Вие господине министер треба да ни објасните зошто во овој момент има суфицит во македонскиот буџет. Има две причини за тоа:

Првата е затоа што преку Управата за јавни приходи, а благодарение на законските измени, вие во моментот наплаќате повеќе данок и од граѓаните и од правните субјекти - фирмите не како резултат на намалување на даночните ставки, туку како резултат на зголемено даночно оптоварување. Во моментот даночните обврзници индивидуални, физички или правни плаќаат повеќе данок затоа што со елиминирањето на ослободувањата кај персоналецот вие во маса на пари наплаќате повеќе средства. Истото се однесува и со Законот за данок од добивка. Истото се однесува и за данокот од имот за кој го воведовте да го плаќаат граѓаните во руралните средини, нешто што до сега не го правеа, го воведовте кај фирмите данокот на комунални такси и по сите овие основи вие во моментот наплаќате повеќе данок во Управата за јавни приходи.

Втор пат заради огромната скапотија и пораст на цените на сите производи во Република Македонија вие со наплаќањето на 18% на покачената вредност на сите производи, а кои се резултат многу малку на светските токови, а повеќе како резултат на вашата некадарност и немање желба да го превенирате тоа, наплаќате и имате зголемени приходи од ДДВ преку Управата за јавни приходи во централниот буџет.

Само по основ на зголемување на нафтените деривати, вие со 18% кои ги наплаќате и со 12% царина која претходно не постоеше, пред реорганизацијата на ЦЕФТА, ги полните 50% од суфицитот кој Управата за јавни приходи во овој момент го прави.

Не резултатот она што вие во јавноста го велилте дека порано имало некој што не плаќал даноци, па сега почнал да плаќа. Бидејќи, господине министер јас не видов кривична пријава за ниту една фирма која наводно порано не плаќала, а сега почнала да плаќа ниту за граѓанин, тоа е лага и ве молам, таква формулација и такви факти понатаму да не користите.

Суфицитот постои, вие не го признавате, бидејќи на тој начин се обидувате да го демаскирате неспособното работење на министрите и министерствата кои одобрените средства од овој Парламент со одлука, не знаат да ги потрошат. Бидејќи нема друг начин да се објасни зошото во овој момент вие имате 45 милиони евра не вишок, пак ќе повторам, туку неискористени во Буџетот на Република Македонија кои сега се обидувате да ги трансферирате од едни на други ставки.

Моето конкретно прашање, господине министер, ќе биде по 100-ти пат, колку до овој момент, согласно вашата евиденција, нека биде не декември, туку до 1 ноември институциите на Владата на Република Македонија потрошиле средства за капитални инвестиции. Додека не го добиеме тој податок, а вие ќе ни го дадете дури следната година на полугодие со завршната сметка, ние нема да знаеме колкава е неспособноста или, се извинувам, не можеме да потврдиме до детал, до процент колкава е фактички постоечката неспособност на министрите да ги реализираат овие средства.

Не го прифаќам образложението дека оваа одлука за која и самите знаете дека се коси со Законот за буџети и за кој пратеничката група на СДСМ однапред ви најави да не инсистирате да ја донесете, бидејќи во спротивно, ако ја донесете, ќе бидете вие лично како министер за финансии предмет на ревизорски и останати анализи и извештаи во периодот на друга Влада која нема да го штити криминалот, како што го прави оваа, и во таа ситуација не држи објаснувањето дека оваа одлука е резултат на колективна одлука на колективен орган. Да ве потсетам господине министер, сметам дека во тоа време не бевте, се извинувам ако грешам, минситер во Владата на Љубчо Георгиевски каде министер беше Никола Груевски која на колективен начин донесе одлука за криминална приватизација за продажба на ОКТА во четири очи, која, за да се заштити и за да се дисперзира како одговорност, ја дадовте како Предлог одлука на Собранието и тоа дури по инсистирање на опозицијата повторно СДСМ во тоа време за да денеска вашата колективна одлука н а Владата во тоа време ја чини Македонија 180 милиони долари до моментот на прекинување на концесиите кои ги дававте во тој договор и ќе ја чини нови 50 милиони евра заради пресудата на арбитражниот деловен суд. Освен ако вие не продолжите во некакво скриено, зад грб договарање во четири очи со ОКТА. Не ги знаеме концесиите што им ги давате. Во овој момент една знаеме, а тоа е дека квалитетот на горивото го одобрувате како неквалитет на горивото кое оди на штета на македонските граѓани и екологијата во оваа држава и преку продажните цени вие дефакто ја субвенционирате Рафинеријата ОКТА која е приватен субјект. Тоа е директна одговорност на една колективна одлука. Исто како што министре не тогаш, сега, пред некој месец, вашата тендерска комисија на чело со вашиот шеф за економски прашања Зоран Ставрески и со членство на други министри и членови на Владата донесе одлука за продажба, повторно на еден капитален објект ТЕЦ Неготино на бугарска фирма на мајка, татко и син. Тогаш Зоран Ставрески и Вера Рафајловска велеа, тоа е колективна одлука, зошто ние да имаме проблем, а во исто време господине министер премолчувате во јавноста дека вашето Министерство за внатрешни работи уапси членови на Управниот одбор на ОХИС кои завршија со тримесечен притвор во Истражниот затвор, на крај беа ослободени иако и тие донесоа колективна одлука. Епа, не може колективната одлука на едни претпријатија да бидсат резултирани и следствено поддржани со притвор од три месеци, а колективната одлука за прераспределба на 45 милиони евра на Владата и на вас лично како единка во неа, да биде оправдива.

Тоа уште еднаш ја потврдува разликата и двојните аршини во носењето на одлуките. Исто како што Јавното обвинителство не ги прифати кривичните пријави за колективната одлука на вашите пратенички за незаконско одобрување на мерка притвор. И тие се криеа зад имунитетот и колективната одлука.

Во оваа држава очигледно правото се толкува во зависност од тоа дали субјектот доаѓа од власта или од опозицијата.

Денеска говореа моите колеги дека за 5 евра со камери ги снимате и делите пиратски ЦД-иња на Министерство за внатрешни работи на цариници и полицајци, а за 45 милиони евра вие од оваа говорница, бидејќи сте заштитен, имате имунитет, согласно Уставот, велите око не ми трепнува. Браво. Браво. Не знам до каде ќе оди вашата дрскос и ароганција и во очи на македонската јавност и велите за 45 милиони евра око не ми трепнува како ќе ги земам и како ќе ги прераспределбам, а исто вие заедно со вашите колеги пратеници блескате кога некој за 5 евра без доказ се спроведува и му се нарушува личниот интегритет и имиџ и нему и на неговото семејство сликајќи го и покажувајќи го како воен плен кога влегува или излегува од полициските станици или од истражниот судија.

Луѓето завршија три месеци во затвор од Управниот одбор на ОХИС, заради колективна одлука, а министерот за финансии око не му трепнува затоа што имал колективна одлука за 45 милиони евра. Е, не поминува таа работа.

Не поминува таа работа и апсолутно многу отворено, јас жалам што вие сте тој што на крај завршува како најекспонираниот од страна на Владата на Република Македонија и ве пуштаат вие да го ставате потписот на вакви одлуки. Не го гледам тука главниот одговорен за економските прашања на Владата господинот Зоран Ставрески зошто тој не е тука, нели тој е потпретседател на Владата. Тој самиот вели не е Трајко Славески задолжен за економските прашања, јас сум. Не може Вера Рафајловска да дава изјави, ќе и го тргне микрофонот. Нема Трајко Славески да зборува за крупните проекти, јас ќе зборувам. Зошто не е тука на овој потпис како претставник и повереник? Затоа што знае дека утре не сака да биде лично одговорен за ваков криминал и вакво непочитување на законот. Не ве разбирам која е причината вие дали само иницијативно да влегувате во таква работа. Знаете господине министер дека во Законот за кој барате опозицијата да даде поддршка, тоа е еден од оние 18 закони, еден од нив е Законот за буџет, на крај ќе ви ја дадеме поддршката како што дадовме денеска на 14 од 18, не на 100-150 како што вели вашиот шеф, туку 18 беа во Собранието, за 14 дадовме дозвола денеска откако ги проверивме, откако утврдивме што треба да се стави, а што не треба.

Да се вратам на темата, дали знаете што има во тој закон за буџет, дека службеникот во вашето Министерство за финансии или во било кое друго Министерство на Владата може да одбие да потпише и спроведе одлука за која смета дека се коси со законските одредби на други закони или за кои не е убеден дека треба да ја потпише, притоа да биде заштитен.

Господине министер така е во Европската унија, во сите членки на Европската унија, само таа одредба од диективата не сакате да ја ставите во законот за буџети. Јас верувам дека во Министерството за финансии има луѓе кои ви пришле и ви рекле господине министер ова не е во ред. Ваква одлука не држи место. Не ја ставајте на Собранието, не ја ставајте на дневен ред, но тие немаат заштита и се плашат, затоа што можете утре да ги избркате или да ги разрешите спроитивно на Законот за државни службеници, како што правите во сите министерства и се плашат да ви го кажат тоа јавно и отворено.

Една од одредбите, господине министер, која морате да ја земете од директивата ако сакате да го поддржиме тој закон за буџети ќе биде таа во која вистинските и објективни професионалци водејќи се од својот морален и етички кредибилитет и чесноста за која вие сакате да говорите и ако е така јас ќе ве поддржам, мора да бидат заштитени. Вие како министер за финансии сте требале на Владата на Република Македонија кога ја носела оваа одлука да и речете колеги, ова не бива, ова не бива затоа што ова е спротивно на законот, ова е спротивно на здрав разум. Како да им објасниме на граѓаните на Република Македонија дека 11 месеци и 20 дена уште малку ќе бидат толку не сте успеале да потрошите 45 милиони евра ама сега бараме пратениците да ни дадат согласност да ги потрошиме за една недела или за 10 дена. Кој мислите дека ќе ви поверува. Кој мислите дека ќе ви поверува дека влада и министерства и претпријатија што за 11 месеци и пол не ги потрошиле своите пари, ќе ги потрошат за 10 дена. Знаете тоа како се вика? Криминал во најава. Криминал во најава кој вие сакате да го легализирате со одлука на Парламент. Тоа не е проблем за нашите колеги, тие велат супер е, нас како пратеници од владеачкото мнозинство ни се гарантира имунитет што и да направиме тоа ќе биде нешто општо колективно, можеби системот за гласање сега ќе биде подобар од минатиот пат кога имавме интерпелации, ќе се задскриеме зад листингот, кога ќе не прашаат што сме направиле ќе речеме не знам, тоа дојде од Владата. Ако има проблем, па не сме ние криви. Ако има проблем да падне закон на Уставниот суд, не сме ние криви. Ние само гласавме на зеленото, тоа ни го рекоа на координација. Стискај зелено. Кога ќе носиме некоја друга одлука што ќе падне на Уставен суд, па не сме ние проблем. Стискај зелено. Зошто, затоа што минстерот така ми рече. Е, тоа не е Парламент или тоа не е вистински парламент.

Јас сакам од вас да добијам одговор кој ќе ја земе одговорноста кога во некое друго време ќе се констатира дека ова е против законито. Ако

самите вие сте подготвен да бидете политички самоубиец и да речете јас Трајко Славески ќе ја преземам целата одговорност, јас тука не можам да ви помогнам освен пријателски политички да ве предупредам. И да побарам од вас да ја корегирате вашата одлука. Тоа ќе го побараме на крајот од парламентарното мнозинство, нормално ако почне сериозно да размислува.

Господине министре 45 милиони евра сакате да земете од повеќе ставки и да ги доделите на помалку ставки притоа правите евтини обиди за импровизација и за замачкување на вистината. Земате од една ставка 20, земате 18 милиони, а во исто време доделувате два, мислејќи дека пратениците нема да ги читаат ставките, бидејќи се ситни со фонт 10 напишани, ама ке ги гледале овие каде даваат.

Вие правите такви ефтини детски финти, кои што не прилегаат на ваква ситуација, што просто не можам да поверувам дека некој мисли дека такви работи ќе поминат. Но, во исто време кога барам од вас да ми дадете одговор зошто суфицит, зошто не сте ги потрошиле парите, кој ќе одговара за тоа и дали сте свесни што предлагате, барам одговор и од вас. Иако, вие претставувате економски ресор, да ми кажете зошто господине министер овие 45 милиони не сте ги распределиле ако толку ви се приоритетни или им се битни на граѓаните, за кои што устата ви е секогаш полна, ама само пред камера, не надвор на улица и тоа не сте го напрвиле во јануари, во февруари. Зошто граѓаните од Инџиково чекаат 12 месеци и парите, кои што сега сакате да им ги префрлите, со кои што ние се согласуваме, не сте им ги дале тогаш. Што чекавте 12 месеци? Или сега ви текна дека има некои луѓе во Инџиково кои што живеат во супстандардни услови. Дали господине министер вие како поранешен советник во градот Скопје, ќе излезете во јавноста и ќе речете дека вашите колеги советници од ВМРО-ДПМНЕ летоска ја поддржаа одлуката на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ и сегашен актуелен градоначалник Трифун Костовски за 100% зголемување на цената на водата која што ја плаќаме сите ние во Скопје, со образложение дека дел од тие средства ќе одат за реализација на водоводот во Инџиково. Дали господине министер, бидејќи сега Владата ги дава тие пари, за кои што вашиот градоначалник Трифун Костовски и советниците гласаа водата да се зголеми за 100% во Скопје, како што тоа го направија и во Прилеп, сега ќе побарате да се врати водата назд, бидејќи ги давате парите. Или дали и вие сте дел од нечија кампања, со скриен предзнак за политички борби внатре во коалицијата на владеачките партии, а кои што треба да завршат со некаков друг очекуван резултат во Скопје. Ве молам, да ми дадете одговор на тие прашања.

Зошто господине министер, на граѓаните во Скопје не ги доделивте средствата за сега што ги предвидувате за автобуси во Скопје во јануари, досега ќе се возевме во тие автобуси. Зошто сега тоа го правите? Ни велите кој не гласал за таа одлука е против Скопјани, ма немојте. Цела година зборуваме дека животниот стандард во Скопје е драситчно паднат, благодарение на вашата ВМРО-оска водена коалиција која што е на власт во Скопје и каде што СДСМ е опозиција и изгуби. Сега ви текна дека во Скопје има лоши автобуси? Зошто ја манипулирате македонската јавност за која што велите дека ова е прва одлука, со која што една влада субвенционира јавно претпријатие за набавка на автобуси. Не е точно. Таква работа веќе беше направена од претходната Влада на СДСМ до 1998 година, ама некој треба да чита и да не лаже. Да видите како се правеле тогаш одлуките на време и дека од тогаш до сега нема набавено ниту еден нов автобус. Сега, конечно вас ви текна, бидејќи имате вишок на средства и не сте ги потрошиле, ајде сега да им ги дадеме и ако тоа некој не го прифати, тогаш е против Скопјани. Лага и не е точно. Токму пратеничката група на СДСМ на првиот и на вториот ребаланс бараше да се пренаменат средствата и за Скопје и за водовод и за реализација на капитални проекти. Вие ги одбивавте. Прво, како министер, после вашите колеги од владеачкото мнозинство гласаа против. Тогаш, ние требаше да излеземе и да речеме Стефаноска Анета е против капиталните инвестиции во Битола или Петар Поп Арсов е против капиталните инвестиции во Куманово, како што на крајот испаѓа. Па, погледнете ги капиталните инвестиции, се реализираат од она време во кое што СДСМ беше на власт. Ништо ново немате направено, затоа што можеби градоначалникот не бил од ВМРО и ајде сега ќе даваме таму каде што е од ВМРО.

Како господине министре ќе објасните дека некој во оваа држава мисли да поверува дека е нормално да потрошите 10 милиони евра во Министерството за внатрешни работи за 10 дена или милион евра на ден. Објаснете ми го ова. Јас ви гарантирам да ви ги покажат пред вас 10 милиони евра во банкноти од еден долар или од едно евро, нека биде од 10 евра, вие ќе ги броите седум дена, да ги изброите едно по едно таа маса на пари, а не да ги потрошите. Јас не знам, во живот не сум видел толку пари, а нема ни да видам, ама вие можеби ги гледате и веќе губите осет, што се 10 милиони евра. Премногу лесно, нормално не се ваши, на граѓаните се. Не се ваши пари, та ако ги погодите добро, та ако ги утнете нема зијан, нема да изгуби Петар Поп Арсов или Трајко Славески пари, ќе изгуби граѓанинот од Богомила, од Ресен, од Виница, било од каде или од Скопје. Негови се парите. Како мислите некој да ви поверува дека 10 милиони евра ќе потрошите за 10 дена и тоа да биде легално. Па тоа никаде го нема. Зошто до сега не ни дадовте одговор за што ќе ги потрошите 10-те милиони евра во МВР. На кој начин ќе ги потрошите. Скратената постапка тендерска најмалку изнесува 30-тина дена, а не 10. За што ќе ги потрошите господине министер 10 милиони евра во МВР. Сега, од кога требаше да загинат полицајци кои ги праќавте без панцири и со нормални возила на границата. Зошто до

сега не набавивте опрема ако ви е за делот во безбедноста. Ви предложивме како партија и ви дадовме поддршка за тоа, не го направивте. Зошто господине министер од пожарите до сега не е купена ни една цистерна за гасење пожари. Не ни гледам дека овде тоа ќе се направи. Зошто до сега не е купена и подобрена целокупната опрема со која што ќе може да се санираат евентуалните елементарни непогоди. Вие велите ќе ги давам 10 милиони евра во МВР, што ќе купувате за 10 милиони евра. Македонската јавност мора да знае. Што е тоа кое што треба вие да го набавите за седум дена, освен за што барам повторно одговор од вас, дали веќе некоја опрема е набавена и вие сега треба само да ја покриете. Ако тоа сте го направиле, а што ќе излезе на крајот во јавноста, вие господине министре сте направиле и сте легализирале кривично дело некој да направи тендер, што се сомневам дека го направил, но дека потрошил пари без за тоа да има законска можност и реални средства во сопствената стапка. Ако сега ние треба да покриеме нешто што можеби е направено претходно во МВР и чини 10 милиони евра, тоа е криминал. Исто така како што е криминал да му давате на некому 10 милиони евра и да ги потроши за 10 дена, милион евра на ден, а луѓето 8-ми и 9-ти месец штрајкуваат напред и за нив око, господине министре, не ви трепнува. Едно евро немате дадено. Да излезете и да речете да ве почастам по еден симит, а не да ви дадам од Буџетот, а вие ќе давате 10 милиони евра на Министерство без око да ви трепнува и да давате отчет. Господине министре, жал ми е, ако вака продолжите ќе се доведете во ситуација око да не ви трепнува за многу работи. Тогаш, кога ќе се доведете во таква ситуација ВМРО-ДПМНЕ ќе ве жртвува, ќе ве пуштат низ вода, ќе ве пуштат или ќе во конструираат или ќе ви гласат интерпелација, бидејќи ќе сакаат да се амнестираат себе си од валканите работи што ги правеле во Владата и се да натоварат на грбот на Трајко Славески. Тоа е дел од сценариото на ВМРО-ДПМНЕ, не знам дали сте свесни. Јас сакам да ви помогнам да не се доведете во таква ситуација, затоа што партијата ќе ве натера да направите криминални работи, за кои што после ќе ви рее, да, еве го Трајко Славески е виновен за ова, не е некој друг. Сега, ќе најдеме ново дете, бидејќи тој помина, си ја заврши својата работа. Господине министре, треба да дадете одговор зошто овие проекти 33, за кои што дел земате, а дел давате пари до сега не сте ги реализирале, бидејќи тоа е одговорот на оваа одлука. Тоа дали вас толку ви трепнува, или не, не ми помага мене многу како пратеник. Јас знам дека ова е криминално. Ова политички не е издржано. Ова економски е катастрофално. И на долг рок Република Македонија со вакво водење на економската политика ќе направи сериозен проблем. Вие ќе продолжите да си собирате даноци, најавувате дека, па под притисок на јавноста се повлекувате дека ќе им воведете данок и на депозитите на граѓаните во банките и уште тају не рчнавте, затоа што ви требаат многу пари. Нема да давате одговор зошто 17 милиони евра се потрошија на кампањи и реклами во Македонија за 2007 година и око нема да ви трепне зошто се потрошени на една фирма која што ги зема најголемите кампањи 80% од Владата преку 17 милиони евра. Со ваши потписи вие давате од прилика, како што вели премиерот, а и вие тоа ни го дадовте како одговор на прашањето 400 илјади евра на една рекламна агенција. Вие во моментов господине министре сакате дел од овие пари да продолжите да ги давате во предфинансирањето преку рекламните кампањи на телевизиите, за да кога ќе дојдат избори користите дампинг цени. За тоа господине министер пишува во Извештајот на Европската комисија, ако не сте го прочитале. Некои работи не можете да ги сокриете, некои работи во Брисел не можете да ги маскирате, колку и да сакате да направите рекламни кампањи. Ваква работа да предложи претседателот на Европската комисија Баросо, на Европскиот парламент, ќе бараат веднаш негова оставка. Нели шетат и правите маркетиншки офанзиви и трошите и земате дневници за тоа од граѓаните. Отидете во Брисел, во Европскиот парламент, почитувани колеги пратеници од европските држави членки на Европската унија, дали сте добиле предлог за прераспределба на 2% од централниот буџет со една одлука? Ќе ви речат, таква работа не постои кај нас. Ние буџетски ги планираме и знаеме како да ги поставиме средствата и кај нас министрите се ефикасни, или комесарите и тие ги трошат средствата така како што Парламентот донел одлука и во интерес на европските граѓани. Вие господине министре се обидувате, не верувам дека ќе успеете да легализирате одлука која што е спротивна на законот, спротивна на здравиот разум и со која што ја потврдувате вашата неспособност како Министерство, како Влада, дека тие пари коишто треба да завршат на крај за потребите на граѓаните, не ги реализирате. Јас не знам како ќе објасните на НАТО советодавниот тим, или кога вашиот шеф Груевски на средината на јануари ќе реферира во Брисел, во НАТО седиштето, да објасните зошто Министерството за одбрана не си ги реализира средствата и тоа во клучната година за НАТО интеграцијата. Зошто останатите институции не си ги потрошиле средствата, а за кои што се бореле на почетокот кога сме гоноселе овој Буџет. Зошто од граничната полиција им одземате средства? Бидејќи ги повлековте сите полицајци членови на ВМРО-ДПМНЕ од критичните караули? Прашајте ги во Министерството за внатрешни работи, да видите дека по партиска книшка таму каде што е густо и може да се очекуваат инциденти, за тоа говореше Оливер Спасовски, оние членови на граничната полиција кои што имаат членски книшки на ВМРО се повлечени доле, за да не им се случи нешто, а другите се оставени како глинени голуби, бидејќи немаат опрема. И вие од граничната полиција земате 10 милиони денари, Како е им објасните на тие луѓе дека им ги

одземате средствата? Ако сега сте нервозни, ќе бидете уште понервозни кога ќе се докажува криминалот, бидејќи вие ќе бидете соучесници со име и презиме.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам господине Ивановски продолжете со говорот.

**Игор Ивановски:** Затоа господине претседателе сакам и официјално да му предложам на министерот кој што може да донесе таква одлука во име на Владата да ја повлече одлуката, барем за момент да се спаси од себеси, од правењето криминал, за момент да се обиде да го спаси имиџот кој што неповратно тоне на Владата на Република Македонија дека носи криминални одлуки и да седне со својата екипа во Министерството за финансии. Ние како СДСМ можеме да му дадеме поддршка со наши експерти подобро да го планира Буџетот за 2008 година и таму каде што навистина се потребни средствата има шанса да не поддржи, имаме амандмани многу конструктивни, многу коректни, многу битни кои што се врз база на барањето на граѓаните да ги прифати и оваа одлука да ја заборави како лош, опасен и неприфатлив преседан кој што не треба никогаш да се случи ни како предлог на Влада, ни како, недеај Боже донесена одлука од страна на Собранието на Република Македонија. Втор преседан направивте со одземањето на 7 милиони евра на пензионерите пред ден. Сега сакате 45 милиони евра некаде за 10 дена побрзо од брзината на светлината да завршат во нечии џебови. Тоа се вика институционален криминал. Но, и тој криминал завршува со име и презиме во судската постапка. За година, две судовите ќе се ослободат од предметите, ќе го зајакнат својот капацитет, се надевам дека во тоа ќе не поддржите и ќе се посветат на реално гонење на сторениот криминал кој што ќе се случи со промената на оваа Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Петар Поп Арсов има реплика. Веројатно господинот Панче Дамески реплика.

Анета Стефановска има збор?

Дозволете, пред да ги дадам репликите, дозволете една моја процедурална интервенција во интерес на исправното информирање на граѓаните минатиот викенд на мој повик овде дојдоа стручњаци од претпријатието кое го монтираше на времето уште системот за гласање во Парламентот. Тие работеа цел викенд и после тоа испоставија документ за исправност на системот за гласање кој е фотокопиран и разделен на сите пратеници. Некој можеби го добил, некој не го добил, затоа сега кажувам релевантно. Заедно со тој документ на мое инсистирање приложено е упатство како треба да се гласа, затоа што тука имаше за време на пробите и дијагнози некои направени и тие луѓе покажаа како некој може да гласа за, а да не излезе во листингот. Има начин, ако на пример копчето го притиска долго и многу убедливо како да го убедува. Значи, има упатства, за тоа не се впуштаме во дискусија. Крајното упатство е најзначајно, затоа што е политичко, не е веќе техничко. Не верував и на тие атести и затоа ставив упатство крај секој пратеник 15 минути после гласањето ако побара листинг, ќе добие, за контрола. Значи, тој проблем во Парламентот е затворен. Благодарам за вниманието.

Три минути реплика господинот Петар Поп Арсов.

**Петар Поп Арсов:** Благодарам претседателе, внимателно го слушав господинот Ивановски и навистина тој опфати повеќе теми со кои што во овие три минути јас немам време на сите да се осврнам. Значи, господинот Ивановски е стручен од повеќе аспекти, тоа навистина претставува еден голем општествен феномен. Меѓутоа, јас би сакал да реплицирам во делот конкретно на неговата вокација, значи тој е економист и веќе на неколку наврати во повеќе дискусии го споменува моментот како оваа Влада наплаќа повеќе даноци, како во Буџетот на Република Македонија има суфицит на пари. Да ве потсетам господине Ивановски, дека уште кога Владата поднесе предлог за намалување на даноците овде во Собранието, кога беше воведен рамниот данок, кога се намалуваше ДДВ на одредени производи, интенција беше дека со тоа намалување всушност вкупната маса на приливот на пари ќе порасне. Значи, интенција на оваа Влада и во програмата “100 чекори” беше внетнато дека на ниеден правен субјект нема да му се исплати прикривање на данокот, односно поисплатливо ќе биде секој дисциплиниарано да си го плати данокот отколку да го прикрива. Ние во овој случај имаме зголемување на приливот во Буџетот, а не на некои странични фондови кои што правните субјекти во минатото ги плаќаа тие условно кажано даноци.

Што се однесува до оној дел каде што спомнавте дека дел од градоначалниците кои што се од ВМРО-ДПМНЕ добиваат повеќе средства за разлика од некои кои што не се од ВМРО-ДПМНЕ и го спомнавте и Куманово.

Јас би ве прашал за чиј градоначалник го сметате господинот градоначалник на Куманово, дали е тој од СДСМ, или од некоја друга партија, затоа што дефинитивно тој даваше неколку контрадикторни изјави каде што час беше од СДСМ, час беше независен, час отиде во Новоформираната партија, дали на претстојните локални избори, како што беше пракса досега на секои нови локални избори ќе ни понудите нов кандидат затоа што вашиот претходен кандидат никогаш не ги исполнуваше вашите очекувања и на секои 4 години вие ни нудевте нов, нов и нов кандидат, затоа што новиот ќе беше оној што ќе го спаси Куманово. Гледаме Куманово во кој правец оди. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Ивановски, повелете имате конра реплика.

**Игор Ивановски:** Така е кога многу патувате во странство и не знаете што ќе се случи во Куманово. Прошетајте по улица и ќе ви кажат.

Можам од сега да ви кажам господине Петар Поп Арсов дека дали со тој, дали со друг, дали со трет, дали со некој трет кандидат во Куманово пак ќе победите. Тука не можам да ви помогнам. Напротив, ќе ве частам кога тоа ќе го направите.

За она за кое што говоревте господине Петар Поп Арсов можете со метафизика, можете со весела математика, можете со пластелин, како сакате да им објаснувате на граѓаните дека сега плаќаат помалку данок, ама тие на крај добиваат некое ливче од Управата за јавни приходи каде што средствата треба да ги платат на државата се повисоки. Најдете ми една фирма во Куманово и дајте ми извештај од Управата за јавни приходи, која што платила помалку данок.

И на крајот прошетајте малку и во Куманово и околу Куманово и донесете ми еден пример каде што цената на вештачкото ѓубриво е намалена после вашето намалување на ДДВ. Јас ќе ве частам повторно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Панче Дамевски, повелете со вашата реплика, вашите три минути.

**Панче Дамевски:** Благодарам почитуван претседателе.

На господинот Ивановски ќе му реплицирам само во делот каде што бевме спомнати за водоснабдувањето на Прилеп.

Господине Ивановски за ваша информација оваа година во Прилеп благодарение на нашиот градоначалник, на новото раководство на Јавното претпријатие водовод почна реализација на грантот за реконструкција на водоводната мрежа во Прилеп.

Водоснабдувањето на Прилеп, да ве информирам господине Ивановски е континуирано, добро без никакви застои и проблеми.

За целосна реализација на овој гранд оваа Влада одобри 30 милиони денари за оваа година од кои беа реализирани 21 милион денари.

Истите средства, 30 милиони денари се предвидени и за 2008 година.

За ваша информација, вашата неуспешна Влада за подобрувањето на водоснабдувањето на Прилеп одвои ни повеќе, ни помалку туку нула денари господине Ивановски. Вие сега зборувате зошто се одвоени 30 милиони, од кои 21 искористен, а вие господине Ивановски за подобро водоснабдување на Прилеп одвоите нула денари. Сега граѓаните на Прилеп нека проценат кој повеќе придонесува за водоснабдувањето на нашиот град. Оваа Влада која одвојува со ред 30 милиони денари, или вие кои одвојувавте по нула денари.

Со оваа ваша деструктивност, со оваа ваша негативна енергија која ја имате овие неколку денови и блокирањето за реализација на оваа одлука граѓаните на Прилеп нема да можат да ги добијат средствата за реновирање и обнова на новата зграда на локалната самоуправа.

Ќе ве замолам повеќе да не ги презивате пратениците од Прилеп каде се, бидејќи ние редовно патуваме и тука сме, и во Собрание и во Прилеп, туку реагирајте вашите пратеници, од вашата партија, од вашите политички партии да бидат барем еднаш во неделата во Прилеп и да се видат со граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Игор Ивановски повелете со вашата контра реплика.

**Игор Ивановски:** Јас не сум видел од кога тоа граѓаните на Прилеп ќе им биде подобар животот ако имаат подобра зграда на општината. Што, ќе им се подобри нешто животот, повеќе пари ќе им дадете? Каде живеете вие? Во Прилеп, Македонија, филм, реклама? Па, јас бев во таа Изборна единица, знам што сакаат прилепчани. Не сакаат нова зграда на општината. Ниту во Битола сакаат градоначалникот да се вози со ново ауди кога им горат куќите. Граѓаните на Прилеп сакаат подобар живот, сакаат повисока цена на тутунот. Така е колешке Силвана Бонева, знаете и вие што бараа од вас. Тоа го бараат и од нас. Не сакаат да им ги трошите парите за да имате вие луксузен мебел и како господине ќе им објасните дека девет милиони и 330 илјади денари им симнувате на граѓаните од Прилеп, за да влезе градоначалникот во скап мебел и скапа канцеларија. За тоа ве гласаа граѓаните на Прилеп? Не. Ама знаете кога ќе го видите тоа? На следните локални избори, вас ќе ве частам кога ќе изгубите.

(Гласни реакции во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, еве дојдовме и до избори, имајте трпение, ве молам.

Сега има збор госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам господине претседател.

Почитуван министер за финансии, почитувани колеги пратеници,

Поттикната бев од дискусиите на моите колеги од опозицијата и тие ме натераа да земам збор да дискутирам. Во интерес на граѓаните, мојата дискусија ќе биде насочена во два дела, поделена. Првиот дел ќе биде општо за Предлог одлуката за пренамена на средствата и вториот дел нешто за градот Битола.

Во интерес на граѓаните е да се усвои оваа Предлог одлука за пренамена на средствата и треба да биде прифатена доколку ние навистина им мислиме добро на нашите граѓани и треба да бидат искористени средствата така како што се предложени. Ние како пратеници сметам дека не треба да се мешаме во тоа каде ќе се пренаменат средствата, особено за готовите проекти кои се веќе изработени и кои ќе помагаат од страна на оваа Владата за еден дел од локалната самоуправа.

Сега ќе се вратам на финансирањето за проектите за Битола. Повеќе пратеници се запрашаа зошто за две цркви за Битола се

предвидени средства. Ќе одговорам, затоа што се изработени солидни проекти за тие две цркви. Исто така, ова ќе се однесува на мојот колега Серафимов зошто не во Кочани - бидејќи не е изработен добар проект. Изработете колега Серафимов, повелете и Владата ќе финансира и кај вас.

Сакам сега да кажам нешто за градот Битола, и тоа ќе кажам факти и докази заради почитуваната јавност, бидејќи Слободан Најдовски, мојот почитуван колега и сограѓанин искажа вчера големи невистини. Јас го зедов стенограмот и кажува дека точно е тоа, кога Груевски е на власт, Битола ја има избришано од се. Тоа ќе го поткрепи со факти. Сега сите факти што ги даваат за зоната се врз база на интервјуто на господинот Ставрески, кој што дошол во Битола на 4 ноември и рекол дека се одобрени средства за индустриската зона. Сега наполно го демантирам и кажувам дека со оваа одлука се наменуваат средства за индустриската зона над милион и триста илјади евра. Меѓутоа, ќе го демантирам, бидејќи тој ја присилил Владата, иако е во опозиција, значи многу голема моќ има господинот Слободан Најдовски тој да ја натера Владата да даде пари за Битола.

Сега ќе кажам неколку факти кои кажуваат колку Владата навистина донирала за градот Битола и дека ноторни лаги овде се кажуваат од опозицијата и нашите колеги. Околу 40 милиони денари за 2007 година оваа Влада ја помогна општината Битола за проекти од локален карактер, од кои ќе набројам само неколку: за водоводната линија Лажец, за атмосферската канализација Стрчин, одводен канал за атмосферска вода - населба Баир, одржување на патна инфраструктура 15 милиони, за магистрални и регионални патишта 115 милиони, за локални патишта во зимски услови итн. Бидејќи сето тоа ќе се каже во форма на извештај од страна на локалната власт пред граѓаните на Битола, тоа ќе го слушнат, меѓутоа, бидејќи господинот Слободан Најдовски си зеде за право да кажува овде пред Парламентот за прашања од локалнатата власт и што помогна Владата, затоа бев принудена и јас да кажам пред граѓаните на Битола, да ме слушнат што помогнала Владата за локалната самоуправа на градот Битола. Но општината Битола не кука многу како луѓето од опозицијата кои се мои сограѓани. Бидејќи градоначалникот господин Владимир Талески со својот тим си направи стабилна фискална политика за општината Битола и градоначалникот Владимир Талески посебно сакам да потенцирам дека врати два милиони евра борч од претходната ваша локална самоуправа на чело со господинот Вршкоски. Сега вам ви е навистина криво што оваа локална власт работи домаќински. Ако излеземе со бројки пак за вашата бивша локална самоуправа на чело со господинот Вршкоски, тие се поразителни и катастрофални. Затоа вие и самите не гласавте за вашиот личен кандидат господинот Вршкоски во 2005 година.

Сега, на крајот сакам да кажам дека рејтингот на општината Битола е над 64%, а со вашите дискусии се надевам дека тој ќе биде уште повисок, бидејќи тие се празни и неаргументирани, а ние тоа го докажуваме околу вашите дискусии со конкретни резултати и конкретни факти.

На крајот ќе ви кажам и сакам да ме слушаат почитуваните граѓани од Битола дека за 2008 година уште повеќе ќе бидат пријатно изненадени за успесите на оваа локална власт во Битола, која ќе направи уште подобри работи за граѓаните на Битола.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Влатко Серафимов има реплика три минути, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитувана колешке,

Во вашето излагање се слушнавме, само за одлуката ништо не кажавте. Имаше едно време една емисија “Програма на градовите” и имавте убава промоција на вашиот градоначалник, кажувавте тука и што е точно и што не е точно. Меѓутоа, јас би ве запрашал, малку да се вратиме на одлуката, од кога почна Владата на Република Македонија да гради цркви. Ако веќе Владата гради цркви, зошто тогаш кога во Кочани имавме ставено камен темелник на црква која има добар проект како за црква, во која нашиот почитуван колега Ратко Димитровски ставаше камен темелник, па сега во Битола да ви градат две цркви, а во Кочани ниедна. Па каде ви е колегијалноста? Тоа е едната работа.

Втората работа, пак ќе ве прашам, еве ви го министерот консултирајте се: од кога почна Владата на Република Македонија да финансира цркви, зошто не финансира џамии? Зошто? Тоа е прашање кое треба вие да го одговорите.

А за Битола, успешноста на битолскиот градоначалник, не сте вие компетентна да дадете оцена дали е тој добар, лош или не знам каков. Ќе си дојде денот на избори, тогаш ќе го кандидирате, народот ќе си каже дали е задоволен од работата на градоначалникот или не. Инаку, вака како што дискутиравте одзедовте десет минути време и ги кочевте реформите во Република Македонија затоа што зборувавте само за градоначалникот на Битола. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Анете Стефановска, контра реплика.

**Анета Стефановска:** Очигледно не разбирате што зборувам и мислам дека ми е жал што не разбирате, меѓутоа ќе ви одговорам, Шарената џамија во Тетово е комплетно реновирана од страна на нашата Влада, бидејќи имате лоша намера со тоа што го зборувате, а за Битола не сте разбрала. Милион и триста илјади евра за индустриската зона кажав што е дадено. Јас ако одзедов десет минути за да ја кажам вистината пред јавноста, вие одземавте 20 дена за оваа одлука да не оди во интерес на граѓаните. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Еве, ќе се обидам пократок да бидам. На почетокот рековте дека ние овде кочиме и дека тоа е во интерес на граѓаните што побрзо да завршиме. Во тој правец би ве прашал а што чекаше Владата 13 дена, значи како што кажа министерот до 26-ти треба овие средства да се искористат, што чекаше до 13.12.2007 година. И дали е во интерес на граѓаните, овие средства кои сега ги пренаменуваме за возила, инвентар, мебел итн, дали тоа ги интересира граѓаните.

Ја следев вчерашната и денешната дебата овде, вчера упорно го браневте министерот за финансии, денес го браните градоначалникот на Битола, па не знам дали имате положено правосуден испит, би ви советувал да положите и да преминете во адвокати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Анета Стефановска контра реплика, вашата минута повелете.

**Анета Стефановска:** Во интерес на времето само ќе ви одговорам кратко. Кога вие чекавте 17 години што бевте на власт и ништо не сторивте, ние за една година чуда правиме и повторно ќе правиме и народот ќе види. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Борис Кондарко, повелете со вашата реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Госпоѓо почитувана колешке Стефановска, погледнете го добро министерот за финансии, погледнете го слободно и кажете дали министерот за финансии ви личи на Бил Гејтс, ако има супер модерен, најнов лап топ тука во Собранието и куца постојано нешто. Не заради компјутерот, јас мислам дека ни Бил Гејтс не може да си дозволи или барем не троши четири и кусур милиони евра на ден. Е нашиот министер и нашава Влада со нашиот премиер тоа сакаат да го направата, за десет дена да потрошат 45 милиони евра. Значи ако ја донесеме одлуката денес, со се утре сабота и недела неработни денови, нашиот министер Бил Гејтс ќе троши 4,5 милиони евра на ден. Каде го има тоа, во која држава го има тоа? Дури и Бил Гејтс да ги троши тие 4,5 милиони евра на ден, па тој троши негови пари кои сам си ги заработил, а нашиов Бил Гејтс сака да троши државни, туѓи, народни пари. Срамота е тоа госпоѓо Стефановска. Против тоа се бориме ние, тука мора да има нешто матно, па уште ќе сте ги реализирале проектите за десет дена. И кога говорите за Битола, кога изигрававте летоска пожарникар таму, како пратеник вие што направивте за Битола, тоа да ве прашам, дали поднесовте еден амандман да се купи, бидејќи на градоначалникот таму не му текнува, си купува службено ауди од 60 илјади евра. Еден амандман дали поднесовте да се купи едно против пожарно возило цистерна. Тоа ви е работа на вас како пратеник, а не да ми продавате тука приказни, кули вавилонски, чуда сте правеле. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има Бил Гејтс, пардон, госпоѓа Анета Стефановска. (Смеење)

**Анета Стефановска:** Почитуван колега, нашиот министер јас добро го гледам и го следам, тој си е домаќин човек и точно знае. Тој не ги зема парите, туку тој ги пренаменува парите. Вие имате проблеми терминолошки, со термините. Но Бил Гејтс беше вашиот министер Владо за здравство, кој што подаруваше подароци на знаете кои луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пред да преминеме на амандманска расправа, ја прекинувам седницата за 15 минути и ги повикувам координаторите во сала Охрид на кратка координација. Благодарам.

(Пауза од 16,32 до 17,10 часот)

(По паузата)

Ве молам, седнете на своите места.

Продолжуваме со попладневниот дел од седницата.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и ќе поминеме на амандманска расправа.

Сега да ве известам за решенијата до кои дојдовме на советувањето на координацијата. Со оглед на тоа дека времето се влошува, првото решение е да направиме овде прекин на седницата и да продолжиме во понеделник во 11,00 часот. Во понеделник во 11,00 часот започнуваме амандманска расправа, за која е договорено до 17,00 часот да се заврши амандманска расправа во однос на оваа точка на дневен ред сега што ја имаме. Најдоцна во 17,00 часот од деловнички причини ќе преминеме на Законот за Буџетот, точката за Буџетот, односно на 89-та седница најдоцна до 17,00 часот. Значи амандманска расправа ќе имаме од 11,00 до 17,00 часот. Тоа е она што се договоривме. Истовремено од службите ќе добиеме точен извештај за тоа какви ќе бидат нашите амандмани, колку пари евентуално се одземаат или не се одземаат.

Инаку, ќе направиме и една екстраполација кога ќе ја почнеме 89-та седница, на прво место да дојде една многу итна ратификација по барање на Министерството за надворешни работи и една одлука за поништување на Постојната комисија која и не работи за надградба. Десет минути се двете точки, потполно се формални, нема што да се дискутира и ќе продолжиме. Значи многу е важно во понеделник од деловнички причини да продолжиме со планот кој е зацртан односно со 89-та седница, а ќе ја завршиме оваа што е во тек.

Исто така, апелирам до пратениците во понеделник да дојдат во доволен односно поголем број, бидејќи амандманската расправа не може да се води ако немаме доволен број.

Ви благодарам за соработката денес и ќе се видиме во понеделник.

(Седницата прекина во 17,13 часот)